# МЕРЕЊЕ НА ПОЛИТИЧКИ ШТЕТНИ НАРАТИВИ



ИЗВЕШТАЈ ЗА ПЕРИОДОТ
СЕПТЕМВРИ 2023 - ФЕВРУАРИ 2024

Институт за комуникациски студии

ШТЕТ-НА

respublica

**Наслов на публикацијата:**
Мерење на политички штетни наративи (ШТЕТ-НА)
Извештај за периодот септември 2023 - февруари 2024

**Издавач:**
Институт за комуникациски студии
ул. „Јуриј Гагарин“ 17-1-1, Скопје
www.iks.edu.mk

**За издавачот:**
вонр. проф. д-р Жанета Трајкоска

**Едиција:**
ResPublica

**Автори:**
Вонр. проф. д-р Жанета Трајкоска
Проф. д-р Елеонора Серафимовска
м-р Јорданка Черепналкова Трајкоска
Александра Теменугова
Проф. д-р Весна Шопар
м-р Бојан Георгиевски
м-р Михајло Лахтов
м-р Мила Стаменова
Проф. д-р Маријана Марковиќ
Асс. м-р Теа Конеска-Василевска
Дарко Малиновски
Владимир Делов

**Уредник:**
вонр. проф. д-р Жанета Трајкоска

**Јазична редакција:**
Проф. д-р Симона Груевска-Маџоска

**Графички дизајн:**
Ивана Темелкоска

**Техничко уредување:**
Дејан Јовески

**Место и година:**
Скопје, 2024

# СОДРЖИНА


4 **ВОВЕД**

7 **РЕЗИМЕ**

7 Штетни наративи кај политички актери

8 Штетни наративи на ТВ

10 Штетни наративи во онлајн медиуми

12 Сумирани куси споредби

13 **ПОЛИТИЧКИ АКТЕРИ**

14 Зачестеност на објави на политичките актери (политички партии и нивни лидери) со штетни наративи

19 Видови штетни наративи

20 Вид на објавите на политичките актери

20 Главна тема во објавите со штетни наративи

21 Како се претставуваат себеси политичките субјекти

23 **ПОЕДИНЕЧНИ ПРОФИЛИ НА ПОЛИТИЧКИТЕ СУБЈЕКТИ**

24 ВМРО-ДПМНЕ

25 СДСМ

26 ЛЕВИЦА

27 АЛТЕРНАТИВА

28 ДЕМОКРАТСКО ДВИЖЕЊЕ

29 **ПОЕДИНЕЧНИ ПРОФИЛИ НА ПОЛИТИЧКИТЕ СУБЈЕКТИ**

30 ДИМИТАР АПАСИЕВ, ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ЛЕВИЦА

31 ХРИСТИЈАН МИЦКОСКИ, ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВМРО-ДПМНЕ

32 ИЗЕТ МЕЏИТИ, ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ДЕМОКРАТСКО ДВИЖЕЊЕ

33 Сличности и разлики помеѓу политичките субјекти во однос на штетните наративи

33 Споредба во однос на бројот на објави со штетни наративи

35 Споредба по број на штетни наративи

36 Споредба во однос на процентот на штетност

37 Споредба во однос на интензитетот на штетност

38 Споредба во однос на видот на доминантни штетни наративи

39 **ЧЛЕНОВИ НА ВЛАДАТА**

40 Зачестеност на објавите на членовите на Владата со штетни наративи

43 **ТВ-СТАНИЦИ**

43 Зачестеност на прилози на ТВ-станиците со штетни наративи

44 Зачестеност на штетни наративи и интензитет на штетност

45 Видови штетни наративи

45 Кој ги „произведува штетните наративи“ и како новинарите се однесуваат кон штетните наративи на политичките актери

46 Во што се „пакува“ штетниот наратив?

46 Главна тема во прилозите со штетни наративи

47 Извори

48 **ПОЕДИНЕЧНИ ПРОФИЛИ НА ТВ-СТАНИЦИТЕ**

49 ШТЕТНИ НАРАТИВИ НА МРТ1

50 ШТЕТНИ НАРАТИВИ НА МРТ2

51 ШТЕТНИ НАРАТИВИ НА КАНАЛ 5

52 ШТЕТНИ НАРАТИВИ НА СИТЕЛ

53 ШТЕТНИ НАРАТИВИ НА ТЕЛМА

54 ШТЕТНИ НАРАТИВИ НА АЛСАТ-М

55 ШТЕТНИ НАРАТИВИ НА АЛФА

56 ШТЕТНИ НАРАТИВИ НА ТВ 21

57 ШТЕТНИ НАРАТИВИ НА 24 ВЕСТИ

58 Споредба по број на прилози за 6 месеци

58 Споредби по интензитет на штетност на прилогот

59 Споредби по вид на штетни наративи

60 Споредба во однос на тоа кој го произведува наративот

61 Споредби помеѓу ТВ-станиците за односот на новинарот кон штетниот наратив на политичкиот субјект

62 **ОНЛАЈН-МЕДИУМИ**

63 Зачестеност на прилози на онлајн-медиумите со штетни наративи

63 Зачестеност на штетни наративи и интензитет на штетност

64 Видови штетни наративи

65 Кој ги произведува штетните наративи и како новинарите се однесуваат кон штетните наративи на политичките актери

66 Кој е најчесто користениот жанр на прилозите со штетен наратив

67 Главна тема во прилозите со штетни наративи

67 Извори

68 **ПОЕДИНЕЧНИ ПРОФИЛИ НА ОНЛАЈН-МЕДИУМИТЕ**

69 ШТЕТНИ НАРАТИВИ НА ТЕТОВА СОТ

70 ШТЕТНИ НАРАТИВИ НА АЛМАКОС

71 ШТЕТНИ НАРАТИВИ НА ВЕЧЕР.мк

72 ШТЕТНИ НАРАТИВИ НА КУРИР

73 ШТЕТНИ НАРАТИВИ НА РЕПУБЛИКА

74 ШТЕТНИ НАРАТИВИ НА НОВА ТВ

75 ШТЕТНИ НАРАТИВИ НА ЛОКАЛНО

76 ШТЕТНИ НАРАТИВИ НА НЕЗАВИСЕН

77 ШТЕТНИ НАРАТИВИ НА СЛОБОДЕН ПЕЧАТ

78 ШТЕТНИ НАРАТИВИ НА А1ОН МК

79 ШТЕТНИ НАРАТИВИ НА МКД.МК

80 Сличности и разлики меѓу онлајн-медиумите во однос на штетните наративи

80 Број на штетни наративи во прилозите за шест месеци

81 Споредби по интензитет на штетност

82 Споредби по вид на штетни наративи

83 Споредба во однос на тоа кој го произведува наративот

# ВОВЕД

Истражувањето „Мерење на политички штетни наративи“ започна во септември 2023 година со цел да се утврди дали и како политичките актери во Македонија креираат, користат  и споделуваат штетни наративи, како и која и каква е улогата на медиумите при известувањето за овие наративи, односно дали притоа ги применуваат професионалните и етичките новинарски вредности и стандарди.

Утврдената истражувачка методологија опфаќа следење и анализа на два  сегмента:

- следење и анализа на наративите што ги креираат и ги споделуваат политичките актери во Македонија
- следење и анализа на медиумското известување за политичките актери и наративите што ги креираат и ги споделуваат преку медиумите.

Главна варијабла во двата сегмента на анализата е штетниот наратив. Дополнителните варијабли се однесуваат на политичките актери и политичката комуникација и на медиумите и медиумското професионално известување.

Додека анализата на политичките партии и на нивните лидери е фокусирана на утврдување на доминантните штетни наративи, на реторичките стратегии и техники, медиумскиот мониторинг дава одговор на тоа дали медиумите се придржуваат до професионалните и етичките стандарди за точно, правично и непристрасно информирање или, пак, беспоговорно ја следат агендата што ја диктираат политичките актери. Шестмесечниот пресек отсликува како се однесуваат политичките актери и медиумите во јавниот дискурс, што и како комуницираат кон јавноста, како се однесуваат кон јавноста, пред да се продолжи со истото темпо во наредниот период.

Истражувањето се реализира во рамките на проектот „Употреба на новинарство засновано на факти за подигање на свеста и спротивставување на дезинформациите во медиумскиот простор во Северна Македонија: Користи факти“, поддржан од Британската амбасада – Скопје.

## Позначајни општествени случувања во периодот на одвивање на мониторингот

Меѓу главните настани од почетокот на мониторингот до овој пресек, кои послужија како „плодна почва за размножување“ на штетните наративи, ги издвојуваме следните позначајни општествени случувања: доцнење на печатењето на учебниците за учениците од трето и шесто одделение во основното образование и обелоденување на случајот со злоупотребата на лековите на Универзитетската клиника за онкологија и радиологија во Скопје. Последните два месеца од 2023 година беа во знакот на подготовките за формирање на преодната Влада, доставувањето на извештајот на Европската комисија за Македонија и изборот на судии во Апелациониот суд. Од почетокот на 2024 година, сè до крајот на февруари 2024 и крајот на шестмесечниот пресек за кој се зборува во овој извештај, меѓу случувањата во земјата доминираше изборот на членовите на преодната Влада и на техничкиот премиер.

## Политички субјекти и медиуми кои се предмет на анализата

Политичките партии чии официјални интернет-страници и официјални страници/профили на Фејсбук беа следени и анализирани се: Алијанса за Албанците, Алтернатива, ВМРО-ДПМНЕ, Демократско движење, Демократска унија за интеграција (ДУИ), Левица, Либерално-демократска партија (ЛДП), Нова социјалдемократска партија (НСДП), Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ), Социјалистичка партија на Македонија (СПМ), односно нивните официјални интернет-страници. Покрај тоа, се следат официјалните страници/профили на Фејсбук на лидерите на политичките партии: Арбен Таравари, Африм Гаши, Али Ахмети, Изет Меџити, Христијан Мицковски, Димитар Апасиев, Моника Зајкова, Горан Мисовски, Љупчо Димовски, како и Димитар Ковачевски.

Примерокот на официјални страници/профили на Фејсбук на министрите го опфаќа владиниот состав од 1 септември до 28 јануари, вклучувајќи ги и членовите на преодната Влада од 28 јануари до 29 февруари. Тие се: Димитар Ковачевски, претседател на Владата, Талат Џафери, претседател на Владата, Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Бојан Марилиќ, заменик на претседателот на Владата задолжен за европски прашања, Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата задолжен за политики за добро владеење, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, Крешник Бектеши, министер за економија, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа, Бујар Османи, министер за надворешни работи, Фатмир Бесими, министер за финансии, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, Славјанка Петровска, министерка за одбрана, Јетон Шаќири, министер за образование и наука, Јованка Тренчевска, министерка за труд и социјална политика, Ѓоко Велковски, министер за труд и социјална политика, Бисера Костадиновска Стојчевска, министерка за култура, Каја Шукова, министерка за животна средина и просторно планирање, Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација, Фатмир Меџити, министер за здравство, Кренар Лога, министер за правда.

Мониторингот на медиумското известување опфаќа следење и анализа на медиумското известување за наративите на политичките субјекти на: (1) информативните изданија (централни, главни вести) на вкупно 9 ТВ-станици: МТВ 1 (јавна), МТВ 2 (јавна, на албански јазик), Алфа ТВ (приватна), Канал 5 (приватна), Сител ТВ (приватна), ТВ 24 (приватна), Телма (приватна), Алсат М (приватна, на албански јазик), ТВ 21 (приватна, на албански јазик); и (2) информативните онлајн-медиуми: Вечер.мк, Локално, Независен, Слободен печат, А1он.мк, МКД.мк, Република, Курир, Алмакос, Тетова сот, Нова ТВ.

Предмет на анализа кај ТВ-станиците се сите прилози во централните вести во коишто се споменуваат политичките партии (со двајца или повеќе пратеници во актуелниот парламентарен состав), лидерите на овие политички партии, премиерот на Владата на РСМ, замениците на премиерот и на министрите во Владата на РСМ (кога зборуваат или се споменати во улога на претставници на политичка партија).



# РЕЗИМЕ

## ШТЕТНИ НАРАТИВИ КАЈ ПОЛИТИЧКИТЕ АКТЕРИ

Период на анализа: септември 2023 година – февруари 2024 година
Следени денови: 91 ден

**» Политичките партии имале вкупно 2.142 објави од кои 797 (или процент на штетност: 37 %) се со штетни наративи, најмногу во ноември и декември. ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ и Левица се партиите со најголем број објави со штетни наративи.**

**» Политичките лидери имале вкупно 294 објави, од кои 87 објави (или 29,6 %) со штетни наративи, најмногу во февруари. Претседателот на Левица, Димитар Апасиев, има најголем број објави со штетни наративи, вкупно 50.**

## ШТЕТНОСТ

**КОЛКУ ја има?**

Во 797 објави од политичките партии има 2573 штетни наративи, што значи интензитетот на штетност е 3, или, во просек, 3 штетни наративи во една објава. Две албански партии имаат објави со најголем интензитет на штетност: Алтернатива и Демократско движење.

Анализата на 87 објави пак од политички лидери покажа присуство на вкупно 294 штетни наративи. Најмногу штетни наративи има во декември (62), а од вкупниот број штетни наратив на лидерите (294), најголем број има кај Апасиев (160 наративи за 6 месеци).

**КАКВА е?**

По зачестеност, и кај политичките партии и кај лидерите се издвојуваат два штетни наратива: *Поткопување на довербата во институциите на системот* и *Пристрасно селектирање*. Понатаму, речиси со иста фреквенција се и *Нападите на личност/демонизација; Поттикнувањето поделби* и *Популизмот*.



**КАКО се шири?**

Најчестите форми преку кои се шират штетните наративи се: соопштенија (50 % од објавите) и прес-конференции (21 %). Објавите на политичките лидери со штетен наратив најчесто се реакции, па соопштенија за медиуми, а неретко се и „Рилс“ видеа (Reels) и други аудиовизуелни и графички содржини.

**ЗА ШТО/на што се однесува?**

Две третини од сите објави со штетен наратив на политичките партии и над 80 % од објавите на политичките лидери се на тема внатрешна политика. Но, и темите како економија, криминал и здравство се појавуваат со одредена динамика во комуникацијата на политичките партии со јавноста.

# ШТЕТНИ НАРАТИВИ НА ТВ

Период на анализа: септември 2023 година – февруари 2024 година

Следени денови: 46 денови

**» Беа забележани вкупно 484 прилози со штетни наративи. Најмалку имало во октомври (66), а најмногу во јануари (96). ТВ Алфа е со најголем број прилози со штетни наративи – 182, а ТВ 24 Вести е ТВ со најмал број (15 прилози).**

## ШТЕТНОСТ

**КОЛКУ ја има?**

Анализата на содржината на 484 прилози потврди присуство на 879 штетни наративи, најмногу во јануари. Општиот интензитет на штетност изнесува 1,8: телевизиските станици во просек емитуваат по речиси два штетни наратива во еден прилог.

**КАКВА е?**

Трите најчести штетни наративи во прилозите на главните вести на ТВ-станиците се: *Поткопување на довербата во институциите*, *Пристрасно селектирање* и *Напади на лична основа/демонизација*. Понатаму, според зачестеноста, следат *Дезинформации*, како и *Поттикнувањето поделби* и *Популизмот*.



**КАКО се шири?**

Најчест жанр на токсичните прилози е извештајот или аналитичко-репортажниот прилог.

**КОЈ ЈА ШИРИ?**

¾ од штетните наративи се произлезени само од политичките актери присутни во прилозите, додека преостанатата ¼ штетни наратив „се произведени“ или само од новинарот или од двајцата истовремено: и од новинарот и од политичкиот субјект. ТВ Алфа е карактеристичен пример каде и новинарот се јавува како „производител“ штетните наративи.

Најчест однос на новинарот кон штетниот наратив произлезен од политичкиот субјект е јасно да го истакнува, но го пренесува штетниот наратив без каква било интервенција, и тоа е случај кај сите ТВ-станици. Сепак има и такви станици како ТВ Телма и особено ТВ Сител кои, неретко, го пренесуваат без да заземат страна, како што има и станици, како Алфа, кои го пренесуваат истиот со одобрување или со осуда.

**ЗА ШТО/на што се однесува?**

Вообичаено, главна тема во прилозите со штетен наратив е внатрешната политика, но има и одреден број прилози со економија, правосудство и здравство.

## ПРОФЕСИОНАЛНИ НОВИНАРСКИ СТАНДАРДИ:

» Во прилозите со штетни наративи доминира едностраното информирање. Следуваат прилозите во кои се прикажани две засегнати страни, а најретки се оние прилози со извори од повеќе страни. И тука мора да се нагласи дека за ваквиот сооднос на страните на изворите најмногу придонесува ТВ Алфа. Повеќето други телевизии во најголем процент користат извори од две страни во своите прилози.

» Во однос на бројот на изворите во прилозите: доминираат прилози во кои е претставен само еден извор, потоа следат оние прилози со 3 и повеќе извори, а најретки се оние прилози со 2 извора. Мора да се нагласи дека за ваквиот сооднос на бројот на изворите најмногу придонесува ТВ Алфа (која има најголем прилози со штетни наративи). Инаку, повеќето други телевизии во најголем процент користат 3 и повеќе извори во своите објави.

» Изворите во телевизиските прилози најчесто се прецизни.

# ШТЕТНИ НАРАТИВИ ВО ОНЛАЈН-МЕДИУМИ



Период на анализа: септември 2023 година – февруари 2024 година
Следени денови: 46 денови

**» Беа забележани вкупно 1.236 прилози со штетни наративи. Најмалку имало во октомври, а најмногу во јануари. Постојат големи разлики во бројот на објавените прилози: онлајн-медиум со најмногу објавени прилози е Република – 265 прилози, а онлајн-медиум со најмалку објавени прилози е Нова ТВ – 32 прилози.**

## ШТЕТНОСТ

**КОЛКУ ја има?**

Во 1236 прилози потврдено е присуство на 2631 штетен наратив. Најмногу во Курир.

Општиот интензитет на штетност изнесува 2,1: онлајн-медиумите во просек емитуваат по два штетни наратива во еден прилог. Курир со највисок интензитет (3,6), а Алмакос и Локално со најнизок интензитет на штетност (1,5).

**КАКВА е?**

Првите три најчесто споменувани штетни наративи се *Поткопување на довербата во институциите*, *Пристрасно селектирање* и *Напади на личноста*. Понатаму, според честотата следат и: *Дезинформации*, *Поттикнување поделби* и *Популизам*.

**КАКО се шири?**

Формите преку кои се пренесува штетниот наратив, гледано генерално на ниво на сите 11 анализирани онлајн-медиуми, се или **пренесено соопштение од политичките партии или пак пренесен говор на некој политичар**.

**КОЈ ЈА ШИРИ?**

Над 80 % од штетните наративи се произведени само од политичкиот актер, 6 % од наративите ги произведува само новинарот, 12 % се произведени од двајцата. Само кај Вечер.мк 50 % штетните наративи ги произведуваат и новинарот и политичкиот актер, додека Тетова сот бележи најголемо учество на новинарот (20 %) како производител на (индикаторот за) штетниот наратив.

Најчест однос на новинарот кон штетниот наратив произлезен од политичкиот субјект е тој да го пренесува штетниот наратив без каква било интервенција и тоа е случај со 63 % од штетните наративи; во 22 % од случаите кога се пренесува штетен наратив новинарот јасно го истакнува, но не зазема став, а дури во 14 % од случаите, новинарот дури и **го одобрува** присутниот штетен наратив во прилогот.

**ЗА ШТО/на што се однесува?** доминира внатрешната политика како главна тема на прилозите со штетен наратив со 64,4 %, додека темите криминал, корупција и економија учествуваат со околу 5 – 7 %.



## ПРОФЕСИОНАЛНИ НОВИНАРСКИ СТАНДАРДИ

» Во однос на страните на изворите во прилозите убедливо доминираат оние прилози со извори од само една страна (90 %); потоа следат оние прилози со извори од две страни (6 %) и на крај се прилозите со извори од 3 и повеќе страни (4 %).

» Следствено, во однос на бројот на изворите во прилозите, убедливо доминираат оние прилози со еден извор (87 %); потоа следат оние прилози со два извора (6,5 %) и оние прилози со три и повеќе извори (6,5 %).

» Изворите во прилозите на онлајн-медиумите најчесто (во 85 % од случаите) се прецизни.



# СУМИРАНИ КУСИ СПОРЕДБИ

| **Анализиран субјект** | **Прилози/објави со штетен наратив/и** |
|---|---|
| Политички партии | 797 |
| Лидери на политички партии | 87 |
| ТВ-станици | 484 |
| Онлајн-медиуми | 1236 |

| **Анализиран субјект** | **Вкупен број пренесени штетни наративи** |
|---|---|
| Политички партии | 2573 |
| Лидери на политички партии | 294 |
| ТВ-станици | 879 |
| Онлајн-медиуми | 2631 |

| **Анализиран субјект** | **Интензитет на штетност** |
|---|---|
| Политички партии | 3 (три штетни наративи во објава) |
| Лидери на политички партии | 4 (четири штетни наративи во објава) |
| ТВ-станици | 1,8 (речиси два штетни наратива во прилог) |
| Онлајн-медиуми | 2,1 (два штетни наратива во објава) |

| **Анализиран субјект** | **Најчести штетни наративи** |
|---|---|
| Политички партии | *Поткопување на довербата во институциите на системот* и *Пристрасно селектирање*. Речиси со иста фреквенција се и *Нападите на личност/демонизација*; *Поттикнувањето поделби* и *Популизмот* |
| Лидери на политички партии | *Поткопување на довербата во институциите на системот* и *Пристрасно селектирање*. Речиси со иста фреквенција се и *Нападите на личност/демонизација*; *Поттикнувањето поделби* и *Популизмот* |
| ТВ-станици | *Поткопување на довербата во институциите, Пристрасно селектирање, Напади на лична основа* |
| Онлајн-медиуми | *Поткопување на довербата во институциите, Пристрасно селектирање, Напади на лична основа* |

| **Анализиран субјект** | **Најчеста тема на која се однесува штетниот наратив/и** |
|---|---|
| Политички партии | Внатрешна политика – 66,5 % |
| Лидери на политички партии | Внатрешна политика – над 80 % |
| ТВ-станици | Внатрешна политика – 60,1 % |
| Онлајн-медиуми | Внатрешна политика – 64,4 % |

# ПОЛИТИЧКИ АКТЕРИ



Предмет на следење и анализа се 10-те политички партии и нивните лидери. Овие партии паралелно се следат на нивните официјални интернет-страници и фејсбук-профили. Лидерите на политичките партии се  следат на нивните фејсбук-профили.

Исто така, беа следени и фејсбук-профилите на премиерот, замениците на премиерот и министрите во Владата, а од крајот на јануари, со формирањето на преодната Влада за спроведување на изборите, започна следењето и на фејсбук-профилите на техничкиот премиер Талат Џафери и на новите министри – министерот за внатрешни работи, Панче Тошковски, како и министерот за труд и социјална политика, Ѓоко Велковски.

Мониторингот се извршуваше секој последователен трет и четврти ден. Севкупно, во периодот септември 2023 – февруари 2024 година, мониторингот на официјалните страници на политичките актери опфати 91 ден.



# Зачестеност на објави на политичките актери (политички партии и нивни лидери) со штетни наративи

## ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ

Во периодот септември 2023 година – февруари 2024 година, забележани се вкупно 797 објави со штетни стории, наративи, и тоа 535 објави на фејсбук-профили[1] .




Слика бр. 1 Приказ на вкупниот број објави на политичките партии




Слика бр. 2 Приказ на вкупниот број објави на политичките партии на нивните интернет-страници и фејсбук-профили

[1] Со цел да се избегне двојна анализа на квантитативните податоци, во случај кога политичките актери споделуваат исти објави и на интернет- и на фејсбук-страниците, во мониторингот е применета селекција на комуникацискиот канал, односно овие исти содржини се анализираат или од објавите на интернет- или на фејсбук-страниците.

## ПОЛИТИЧКИ ЛИДЕРИ



Во периодот од септември 2023 до февруари 2024 година беа мониторирани и анализирани содржините објавени на фејсбук-профилите на политичките лидери во текот на 91 ден. Беа забележани вкупно 87 објави со штетни наративи, најмногу во февруари.




Слика бр. 3 Приказ на вкупниот број објави на политичките лидери
на нивните фејсбук-профили

## АНАЛИЗА НА ШТЕТНОСТА НА ОБЈАВИТЕ

Подолу се претставени три аспекта на анализата на штетност:

1. Првиот аспект е **зачестеноста на штетните наративи**, а тоа е вкупниот број објави со штетни наративи

2. Вториот аспект е **процентот на штетност**, а тоа е процентот на објави со штетен наратив од вкупниот број објави на политичкиот субјект (на пример, ако во текот на денот политичкиот субјект има 10 објави, од кои 7 се со штетен наратив, процентот на штетност на тој политички субјект е 70 %)

3. Третиот аспект е **интензитет на штетноста**, а тоа е бројот на штетни наративи во една објава (на пример, ако во текот на денот политичкиот субјект има една објава во која се пренесуваат три штетни наратива, тогаш тоа значи дека интензитетот на штетност е 3).

# ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ

Во 797 објави од политичките партии има 2573 штетни наративи (1674 штетни наративи се забележани на интернет-страниците на партиите, а 899 на нивните фејсбук-профили). Најмногубројни се во ноември и особено во декември. Ако се анализира процентот на штетност по месеци, трендот на движење на тој процент е следен:




Слика бр. 4 Колку пати политичките партии пренеле штетни наративи според месец

Ако се анализира процентот на штетност по месеци, трендот на движење на тој процент е следен:




Слика бр. 5 Процент на штетност по месеци



Процентот на штетност, гледан по месеци, се движи од речиси 25,2 % (во февруари) до 51 % (во октомври). Гледано збирно за шест месеци, **повеќе од една третина (37,1 %) од сите објави на сите политички партии на нивните интернет-страници и фејсбук-профили се со штетен наратив/и.**

Во однос на интензитетот на штетност во објавите, може да се каже дека е релативно константен низ месеците и се движи во просек по три (3) штетни наративи во една објава.




Слика бр. 6 Интензитет на штетност по месеци

## ПОЛИТИЧКИ ЛИДЕРИ




Слика бр. 7 Фреквенција на штетни наративи на политичките лидери по месеци

Ако се анализира процентот на штетност по месеци, трендот на движење на тој процент е следен:




Слика бр. 8 Процент на објави со штетен наратив од вкупните објави на политичките лидери по месеци

Процентот на штетност, гледан по месеци, се движи од 17,5 % (во октомври) до 48,3 % (во јануари). Гледано збирно за шест месеци, изнесува 31,2% за сите политички лидери, или речиси **во една третина од објавите на политичките лидери на Фејсбук се препознава еден или повеќе штетни наративи.**

Анализата на интензитетот на штетност на политичките лидери по месеци покажува дека тој интензитет се движи од три до речиси пет штетни наративи во/по објава.




Слика бр. 9 Интензитет на штетност по месеци

## ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ

Зборувајќи за сите политички партии, се издвојуваат два најчесто користени штетни наративи: *Поткопување на довербата во институциите* и *Пристрасно селектирање*. Понатаму, речиси со иста фреквенција се и *Нападите на личност/демонизација*; *Поттикнувањето поделби* и *Популизмот*.




Слика бр. 10 Фреквенција на различните видови штетни наративи пренесени од политичките партии

## ПОЛИТИЧКИ ЛИДЕРИ

И кај политичките лидери состојбата е речиси идентична: по фреквентност се издвојуваат два штетни наратива: *Поткопување на довербата во институциите* и *Пристрасно селектирање*. Потоа следат и *Нападите на личност/демонизација* и *Популизмот*.




Слика бр. 11 Фреквенција на различните видови штетни наративи пренесени од политичките лидери

# Вид на објавите на политичките актери

## ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ

Анализата на формите преку кои се шират штетни наративи покажува дека доминираат два вида: пренесени соопштенија од политичките партии (50 %) и прес-конференции од политичките партии (21 %).

## ПОЛИТИЧКИ ЛИДЕРИ

Објавите на политичките лидери со штетен наратив најчесто се реакции, па соопштенија за медиуми. Има и 14 % друго, а тоа се најчесто „Рилс“ видеа (Reels) и други креирани аудиовизуелни и графички содржини, обично објавувани на социјалните мрежи.




Слика бр. 12 Вид на објава со штетен наратив на политичките партии




Слика бр. 13 Вид на објава со штетен наратив на политичките лидери

# Главна тема во објавите со штетни наративи

## ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ

Две третини од сите објави со штетен наратив на политичките партии се на темата внатрешна политика. Но, и темите како економија, криминал и здравство се појавуваат со помала динамика во комуникацијата на политичките партии со јавноста.

## ПОЛИТИЧКИ ЛИДЕРИ

Кај политичките лидери процентот на објави со штетни наративи на тема внатрешна политика е над 80 %. Од темите за внатрешна политика, најчесто се зборувало за измените на Кривичниот законик, случајот со Клиниката за онкологија, македонско-бугарските односи

vis-à-vis предложените уставни измени и ЕУ-интеграциите, Законот за игри на среќа, Законот за амнестија, новиот Деловник во Собранието, одбележувањето на Денот на албанското знаме, двојното убиство на 14-годишната Вања Ѓорчевска и на 74-годишниот Панче Жежовски, Самитот ЕУ – Западен Балкан, менувањето на личните документи и патни исправи со новото уставно име на државата, критики за РЕК Битола, формирањето на техничката Влада и кандидатите за претседател на државата, инцидентот во М-НАВ, Советот на ЕУ и извештајот за прогрес на земјата, но често се говори и за состојбите во локалните самоуправи, образованието, економијата и инфлацијата, корупцијата, особено во правосудството.



Инцидентни се објавите со штетни наративи на сите други теми.

# Како се претставуваат себеси политичките субјекти

## ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ

Во 342 од вкупно 797 (43 %) објави со штетни наративи на политичките партии на нивните интернет-страници и фејсбук-профили, партиите немале посебна намера да се претстават себеси во некое светло, освен, веројатно, само да ги критикуваат своите политички противници. Во останатите 57 % од објавите се претставиле на следниов начин:




Слика бр. 14 Слика на себепретставување на политичките партии во објавите со штетен наратив

Партиите во својата комуникација со граѓаните најчесто ја праќаат пораката дека на народот му треба некој да го спаси, па во објавите себеси се претставуваат дека токму тие се спасителите. Освен како спасители, често партиите се прикажуваат дека тие се оние кои го бранат народот, како и дека се во улога на бранители на правдата во државата.

# ПОЛИТИЧКИ ЛИДЕРИ

Во 39 % од објавите, политичките лидери немале некоја посебна намера да се претставуваат себеси, а во останатите 61 %  се претставуваат себеси на следниот начин:




Слика бр. 15 Слика на себепретставување на политичките лидери во објавите со штетен наратив

Слично како и партиите чии лидери се, тие себеси се прикажуваат најчесто како спасители и бранители на народот.

# ПОЕДИНЕЧНИ ПРОФИЛИ НА ПОЛИТИЧКИТЕ СУБЈЕКТИ

## ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ

**Од вкупно 797 објави на политичките партии што тие ги објавиле на сопствената интернет-страница и сопствениот фејсбук-профил, 732 или 92 % се на трите партии: ВМРО-ДПМНЕ (311 објави), СДСМ (228 објави) и Левица (193 објави)**. Потоа, со значително помалку објави е **Алтернатива (34)** и **Демократско движење (17)** со штетни наративи за 6 месеци. Оттука, токму овие пет партии ќе бидат прикажани посебно.



## ВКУПЕН БРОЈ ОБЈАВИ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ НА ИНТЕРНЕТ-СТРАНИЦАТА И ФЕЈСБУК-ПРОФИЛОТ НИЗ МЕСЕЦИТЕ

За 6 месеци:
311 објави, (282 анализирани на нејзината интернет-страница и 29 на нејзиниот фејсбук-профил)




**Просечен процент на штетност:**
**35 % од објавите содржат штетен наратив**

**Просечен интензитет на штетност:**
**3,6 штетни наративи по објава**

## НАЈЧЕСТИ ШТЕТНИ НАРАТИВИ

ВМРО-ДПМНЕ за 6 месеци во 311 објави пренела штетни наративи 1108 пати




## ВИДОВИ ОБЈАВИ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ

### Најчести теми со штетни наративи



42 % внатрешна политика
13 % економија
11 % здравство
16,4 % за криминал и корупција
3 % надворешна политика
3 % правосудство
15 % останати теми

### Видови објави со штетен наратив



Соопштение за медиуми 47 %
Прес-конференција 17 %
Реакција 11 %
Останати 25 %

### За кого и колку пати се зборува во прилозите со штетен наратив?

За сите, без исклучок, негативно!




Актерите ги именуваат како:

1. ВЛАДА/ВЛАСТ – „криминална власт“, „влада на ДУИ и СДС“
2. Димитар Ковачевски – „дезертер“, „Таче“,
3. СДСМ – „СДС“, „антинародна партија“

### Како се претставува партијата во своите објави?




Во 42 % од објавите не се претставуваат со посебна намера
Во 58 % од објавите се претставуваат со намера, и тоа од нив:




Во 41 % се претставуваат како спасители
Во 33,3 % како бранители на народот
Во 24 % бранители на правдата

# СДСМ – СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ НА МАКЕДОНИЈА



## ВКУПЕН БРОЈ ОБЈАВИ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ НА ИНТЕРНЕТ-СТРАНИЦАТА И ФЕЈСБУК-ПРОФИЛОТ НИЗ МЕСЕЦИТЕ

За 6 месеци: 228 објави,
171 анализирани на нејзината интернет-страница
и 57 на нејзиниот фејсбук-профил




**Просечен процент на штетност:**
**31 % од објавите содржат штетен наратив**

**Просечен интензитет на штетност:**
**2,3 штетни наративи по објава**

## НАЈЧЕСТИ ШТЕТНИ НАРАТИВИ

СДСМ за 6 месеци во 288 објави
пренела штетни наративи 516 пати




## ВИДОВИ ОБЈАВИ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ

Најчести теми со штетни наративи




Видови објави со штетен наратив




### За кого и колку пати се зборува во прилозите со штетен наратив?

За сите, без исклучок, негативно!




Актерите ги именуваат како:

1. ВМРО-ДПМНЕ – нарекувана „ДПМНЕ“, „антизападна“, „антидемократска партија“, „анти-ЕУ кампот“, „кочничари на ЕУ-интеграцијата“
2. Христијан Мицковски – нарекуван „малиот Груевски“ и „бледа копија на Груевски“
3. Локална власт (градоначалници) на ВМРО-ДПМНЕ
4. Левица – „проруска антидемократска партија“

### Како се претставува партијата во своите објави?




Во 52 % од објавите се претставуваат без посебна намера
Во 48 % од објавите се претставуваат со намера, и тоа од нив:




Во 33 % се претставуваат како спасители
Во 24 % се претставуваат како ЕУ-ориентирани,
Во 22 % се претставуваат како бранители на народот
Во 12 % се претставуваат како бранители на правдата

## ВКУПЕН БРОЈ ОБЈАВИ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ НА ИНТЕРНЕТ-СТРАНИЦАТА И ФЕЈСБУК-ПРОФИЛОТ НИЗ МЕСЕЦИТЕ

За 6 месеци:
193 објави (75 анализирани на нејзината интернет страница и 118 на нејзиниот фејсбук-профил)




**Просечен процент на штетност:**
**53 % од објавите содржат штетен наратив.**

**Просечен интензитет на штетност:**
**3,6 штетни наративи по објава.**

## НАЈЧЕСТИ ШТЕТНИ НАРАТИВИ

Левица за 6 месеци во 193 објави пренела штетни наративи 704 пати




## ВИДОВИ ОБЈАВИ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ

Најчести теми со штетни наративи



64 % – внатрешна политика
8 % – економија
5 % – надворешна политика
4 % – здравство
19 % – останати теми

Видови објави со штетен наратив



Соопштение за медиуми – 52 %
Реакција – 12 %
Говор – 12 %
Интервју – 11 %
Останатите видови објави – 14 %

За кого и колку пати се зборува во прилозите со штетен наратив?

За сите, без исклучок, негативно!




Актерите ги именуваат како:

1. СДСМ – „СДС“, „квислиншка партија“, „петоколонашката СДС“, „владата на комбото СДС и ДУИ“
2. ВЛАСТ/ВЛАДА – „корумпирана власт“, „ненародна и предавничка власт“, „среброљубци“, „антимакедонска власт“
3. ВМРО-ДПМНЕ – „ДПМНЕ“, „лажна опозиција“, „вмроидна елита“
4. ДУИ – „Учки“, „сецесионисти“, „иредентисти“ и „национал-шовинисти“, „бандити“, „балисти“
5. ВМРО-ДПМНЕ И СДСМ – „шверцерска коалиција“, „криминална оска“, „хибриден режим“

Како се претставува партијата во своите објави?




Во 66 објави, не се претставуваат со посебна намера
Во 127 објави се претставуваат со намера, и тоа од нив:




Во 35 % се претставуваат како спасители
Во 25 % како бранители на народот
Во 20 % бранители на идентитетот

## ВКУПЕН БРОЈ ОБЈАВИ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ НА ИНТЕРНЕТ-СТРАНИЦАТА И ФЕЈСБУК-ПРОФИЛОТ НИЗ МЕСЕЦИТЕ

За 6 месеци:
34 објави, само на нејзиниот фејсбук-профил




**Просечен процент на штетност:**
**39 % од објавите содржат штетен наратив.**

**Просечен интензитет на штетност:**
**4 штетни наративи по објава.**

## НАЈЧЕСТИ ШТЕТНИ НАРАТИВИ

Алтернатива за 6 месеци во 34 објави пренела штетни наративи 135 пати




## ВИДОВИ ОБЈАВИ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ

Најчести теми со штетни наративи




Видови објави со штетен наратив




За кого и колку пати се зборува во прилозите со штетен наратив?

За сите, без исклучок, негативно!




Актерите ги именуваат како:

1. . ДУИ – „антиалбанска“ и „антиевропска“, „корумпирани марионети“, „ДУИ - вазалот на СДСМ“, „бизнис октопод“
2. Артан Групи – „раководител на пропаганден казан со 10 портали“, „криминалец“, „на чело на криминалната структура на ДУИ“
3. Али Ахмети – „ТЦ Соравија - Али Ахмети“

Како се претставува партијата во своите објави?




Во 47 % од објавите се претставуваат без посебна намера
Во 53 % од објавите се претставуваат со намера, и тоа од нив:




Во 57 % се претставуваат како бранители на правдата
Во 27 % како бранители на народот
Во 27 % се претставуваат како спасители



## ВКУПЕН БРОЈ ОБЈАВИ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ НА ИНТЕРНЕТ-СТРАНИЦАТА И ФЕЈСБУК-ПРОФИЛОТ НИЗ МЕСЕЦИТЕ

За 6 месеци:
17 објави, само на фејсбук-профилот од партијата




**Просечен процент на штетност:**
**57 % од објавите содржат штетен наратив.**

**Просечен интензитет на штетност:**
**4,8 штетни наративи по објава.**

## НАЈЧЕСТИ ШТЕТНИ НАРАТИВИ

ДД за 6 месеци во 17 објави
пренела штетни наративи 77 пати




## ВИДОВИ ОБЈАВИ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ

Најчести теми со штетни наративи



64,7 % – внатрешна политика
11,8 % – здравство
26,3 % – економија, образование, социјална

Видови објави со штетен наратив



Прес-конференција – 59 %
Соопштение за медиуми – 17,6 %
Друго (кратки фејсбук-статуси и графички креативи) – 23,4 %

### За кого и колку пати се зборува во прилозите со штетен наратив?

За сите, без исклучок, негативно!




Актерите ги именуваат како:

1. ВЛАДА – „криминализираната власт во бегство“, „делегитимирана и корумпирана влада“, „неспособна влада“
2. ДУИ – „картел партија“, „злотворен октопод“, „Вазалот на СДСМ“, „корумпирани марионети“, „европски“, „интегративни“ и „соживотни“ демагози

### Како се претставува партијата во своите објави?




Во 18 % од објавите се претставуваат без посебна намера
Во 82 % од објавите се претставуваат со намера, и тоа од нив:




Во 71 % се претставуваат како бранители на правдата
Во 43 % се претставуваат како спасители
Во 36 % се претставуваат како бранители на народот
Во 36 % се претставуваат како ЕУ-ориентирани

# ПОЕДИНЕЧНИ ПРОФИЛИ НА ПОЛИТИЧКИТЕ СУБЈЕКТИ

## ПОЛИТИЧКИ ЛИДЕРИ

**Од вкупно 87 објави на политичките лидери што тие ги објавиле на сопствениот фејсбук-профил, 78 или 90 % се на трите лидери: Димитар Апасиев (50 објави), Христијан Мицкоски (17 објави) и Изет Меџити (11 објави)**. Потоа, со 2 објави со штетни наративи е **Африм Гаши**, а со по една таква објава е **Арбен Таравари и Али Ахмети**. Оттука, токму споменатите три политички лидери ќе бидат прикажани посебно.





# ДИМИТАР АПАСИЕВ, ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ЛЕВИЦА



## БРОЈ НА ОБЈАВИ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ НИЗ МЕСЕЦИТЕ

За 6 месеци:
50 објави со штетен наратив
на неговиот фејсбук-профил.




**Просечен процент на штетност:
32 % од објавите имаат штетен наратив.**

**Просечен интензитет на штетност:
3,2 штетни наративи по објава.**

## НАЈЧЕСТИ ШТЕТНИ НАРАТИВИ

Д. Апасиев за шест месеци во 50 објави
пренел штетни наративи 160 пати




## ВИДОВИ ОБЈАВИ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ

### Видови објави со штетен наратив



Соопштение за медиуми – 16 %
Реакција – 64 %
Интервју – 12 %
Говор – 6 %
Прес-конференција – 2 %

### Најчести теми со штетни наративи



84 % – внатрешна политика
8 % – корупција
8 % – на економија, здравство, криминал, надворешна политика

### За кого и колку пати се зборува во прилозите со штетен наратив?

За сите, без исклучок, негативно!




Актерите ги именуваат како:

1. ВМРО-ДПМНЕ – „ДПМНЕ“
2. СДСМ – „СДС“, „антинародна“, „квинслишнка влаѕт“
3. ДУИ – „УЧКи“, „терористи“, „балисти“, „бандити“

### Како се претставува политичкиот актер во своите објави?




Во 54 % од објавите не се претставува со посебна намера
Во 46 % од објавите се претставува со намера, и тоа од нив:




во 52 % се претставува како бранител на идентитетот
во 43 % се претставува како бранител на народот
во 22 % се претставува како спасител



# ХРИСТИЈАН МИЦКОСКИ, ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВМРО-ДПМНЕ



## БРОЈ НА ОБЈАВИ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ НИЗ МЕСЕЦИТЕ

За 6 месеци:
17 објави со штетен наратив
на неговиот фејсбук-профил.




**Просечен процент на штетност:**
**18 % од објавите имаат штетен наратив.**

**Просечен интензитет на штетност:**
**2,9 штетни наративи по објава.**

## НАЈЧЕСТИ ШТЕТНИ НАРАТИВИ

Х. Мицкоски за 6 месеци во 17 објави
пренел штетни наративи 49 пати




## ВИДОВИ ОБЈАВИ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ

### Видови објави со штетен наратив



Изјава – 29 %
Друго – 29 % (освен аудиовизуелни материјали, т.е. видеа објавувани на Фејсбук кај ВМРО-ДПМНЕ се соопштенија, прес-конференции, изјави)
Говор – 17 %
Реакција –12 %
Останати видови – 13 %

### Најчести теми со штетни наративи



76 % е внатрешна политика
24 % е останати теми

### За кого и колку пати се зборува во прилозите со штетен наратив?

За сите, без исклучок, негативно!




Актерите ги именуваат како:

1. ВЛАДА – „криминална власт", „злобни во лагите", „Владата на ДУИ-СДСМ"
2. Граѓани – „народот", „земјоделци на колена", „обединети", „загрижени", (граѓани)

### Како се претставува политичкиот актер во своите објави?




Во 18 % од објавите, не се претставува со посебна намера
Во 82 % од објавите се претставува со намера, и тоа од нив:




во 93 % се претставува како спасител
во 79 % се претставува како бранител на народот
во 36 % се претставува како бранител на правдата
во 29 % се претставува како бранител на идентитетот



# ИЗЕТ МЕЏИТИ, ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ДЕМОКРАТСКО ДВИЖЕЊЕ



## БРОЈ НА ОБЈАВИ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ НИЗ МЕСЕЦИТЕ

За 6 месеци:
11 објави со штетен наратив
на неговиот фејсбук-профил.




**Просечен процент на штетност:**
**44 % од објавите имаат штетен наратив.**

**Просечен интензитет на штетност:**
**4,5 штетни наративи по објава.**

## НАЈЧЕСТИ ШТЕТНИ НАРАТИВИ

И. Меџити за шест месеци во 11 објави
пренел штетни наративи 51 пати




## ВИДОВИ ОБЈАВИ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ

Видови објави со штетен наратив




Најчести теми со штетни наративи




### За кого и колку пати се зборува во прилозите со штетен наратив?

За сите, без исклучок, негативно!




Актерите ги именуваат како:

1. ДУИ – „сицилијанскиот клан“, „ДУИ - казино партија, “ „ахметјани“
2. Влада – „власт во заминување“, „криминална власт“ „бајата каста во заминување“
3. Талат Џафери – „диктатор со технички мандат“, „премиерот Карневал“
4. Артан Груби – „раководител на проект Казино во секоја уличка/куќа“, „коалицијата Груби со бизнисот со казината и игрите на среќа“

### Како се претставува политичкиот актер во своите објави?




Во 9 % од објавите без посебна намера,
Во 91 % од објавите се претставува со намера и тоа од нив, како:




во 70 % се претставува како спасител
во 20 % се претставува како бранител на народот
во 50 % се претставува како бранител на правдата
во 30 % се претставува како ЕУ-ориентирани



# Сличности и разлики помеѓу политичките субјекти во однос на штетните наративи

## Споредба во однос на бројот на објави со штетни наративи

### ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ

Во периодот од септември 2023 г. до февруари 2024 година, беа забележани вкупно 797 објави со штетни нративи (535 објави на интернет-страниците на партиите, 262 на нивните фејсбук-профили). Разликата во бројот на објави со штетни наративи помеѓу политичките партии е голема.




Слика бр. 16 Број на објави со штетен наратив според политичка партија

Како што може да се забележи, има политички партии кои воопшто немале објави со штетен наратив на своите интернет-страници и фејсбук-профили. Такви се ЛДП и Социјалистичка партија. Потоа има политички партии кои на своите интернет-страници и фејсбук-профили имаат релативно малку објави, како што се ДУИ и Алијанса на Албанците. Умерено објавуваат политичките партии Алтернатива и Демократско движење. Со над 100 објави со штетни наративи се три партии ВМРО-ДПМНЕ со 311 објави, СДСМ со 228 објави и Левица со 193 објави и со штетен наратив.



## ПОЛИТИЧКИ ЛИДЕРИ

Во истиот период на следење и анализа кај политичките лидери беа забележани вкупно 87 објави со штетни наративи, при што отскокнува само еден политички актер: Димитар Апасиев.




Слика бр. 17 Број на објави со штетен наратив според лидер

Мониторингот во изминатиот шестмесечен период покажал дека кај лидерите на помалите политички партии како Моника Зајкова, (ЛДП), Горан Мисовски (НСДП) и Љупчо Димовски (СПМ) не се забележани објави кои содржат штетни наративи. Малите политички партии генерално имаат пасивна комуникација кон јавноста на каналите кои се предмет на мониторингот, за разлика од големите политички партии. Се забележува нивно помало присуство во јавниот простор и поретки објави на социјалните медиуми и на интернет-страниците за различни теми од јавен интерес. Политичари кои објавуваат релативно мал број информации со штетни наративи се Арбен Таравари, Али Ахмети и Африм Гаши.

# Споредба по број на штетни наративи



## ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ




Слика бр. 18 Колкупати пренеле штетни наративи според политичка партија

## ПОЛИТИЧКИ ЛИДЕРИ




Слика бр. 19 Колкупати се пренесени штетни наративи според лидер на политичката партија

# Споредба во однос на процентот на штетност

## ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ




Слика бр. 20 Колкупати пренеле штетни наративи според политичка партија

## ПОЛИТИЧКИ ЛИДЕРИ




Слика бр. 21 Колкупати се пренесени штетни наративи според лидер на политичката партија

Во однос на процентот на штетност, може да се каже дека кај македонските политичари овој процент е значително помал, што би значело дека албанските политички лидери објавуваат многу помалку објави, поретко, но процентот на објави со штетни наративи е далеку поголем.

# Споредба во однос на интензитетот на штетност

## ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ




Слика бр. 22 Интензитет на штетност кај политичките партии

Анализата на интензитетот на штетноста покажа дека две политички партии на Албанците се на почетокот, со најмал интензитет на штетност, како ДУИ и Алијанса за Албанците, и две се на крајот од континуумот, со најголем интензитет на штетност: Алтернатива и Демократско движење. Трите македонски партии, кои пак имаа најголем број објави со штетен наратив, се на средината на овој континуум. Идентична е состојбата со интензитетот на штетност кај политичките лидери.




Слика бр. 23 Интензитет на штетност кај лидерите на политичките партии

## Споредба во однос на видот на доминантни штетни наративи

Анализата на најчесто присутните штетни наративи во објавите на политичките партии и нивните лидери покажа дека: 1) **партиите и лидерите не се разликуваат помеѓу себе** кои штетни наративи ги употребуваат, и 2) дека постојат **две групи штетни наративи**.

Во првата група се два штетни наратива кои кај сите политички субјекти, и политички партии и политички лидери, се забележуваат меѓу првите два најчесто присутни наративи *Поткопување на довербата во институциите и медиумите* и *Пристрасно селектирање*. Овие два наратива се константа.

Во втората група се три штетни наративи, кои наизменично го заземаат третото, четвртото и петтото место: *Нападите на лична основа, Популизмот* и *Поттикнувањето поделби*. Дури и *Дезинформациите* како штетен наратив понекогаш се јавуваат во оваа втора група.

# ЧЛЕНОВИ НА ВЛАДАТА



Во овој дел предмет на следење и анализа се фејсбук-профилите на 20 политички субјекти, членови на Владата (премиер, заменици на премиерот и министри). Се анализираат детално објавите во кои овие политички субјекти ја злоупотребуваат функцијата за партиски цели и/или генерираат штетни наративи. **Премиер, заменици на премиерот и министри**: Димитар Ковачевски, претседател на Владата на РСМ, Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата задолжен за економски прашања, координација на економските ресори и инвестиции, Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата задолжен за европски прашања, Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата задолжен за политики за добро владеење, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, Крешник Бектеши, министер за економија, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа, Бујар Османи, министер за надворешни работи, Фатмир Бесими, министер за финансии, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, Славјанка Петровска, министерка за одбрана, Јетон Шаќири, министер за образование и наука, Јованка Тренчевска, министерка за труд и социјална политика, Бисера Костадиновска Стојчевска, министерка за култура, Каја Шукова, министерка за животна средина и просторно планирање, Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација, Кренар Лога, министер за правда, Фатмир Меџити, министер за здравство.

Од 28 јануари 2024 година со мониторингот се опфатени и новите членови на преодната Влада за спроведување избори, односно профилите на новиот премиер Талат Џафери, министерот за внатрешни работи Панче Тошковски и министерот за труд и социјална политика Ѓоко Велковски.



# Зачестеност на објавите на членовите на Владата со штетни наративи

Во истражувачкиот период од септември 2023 година до февруари 2024 година беа мониторирани и анализирани содржините објавени од страна на погоре споменатите 20 членови на Владата, на нивните фејсбук-профили во текот на 91 ден. Беа забележани вкупно 26 прилози со штетни наративи и вкупно 54 штетни наративи. По месеци, трендот е следен:




Слика бр. 24 Колкупати објавиле штетен наратив по месеци

Септември е месецот кога не е забележана ниту една објава со штетен наратив, а ноември со најмногу – вкупно 11. Очекувано, и кривата за вкупниот број штетни наративи ја следи линијата за вкупниот број објави. Единствено, октомври се издвојува како посебен во смисла на тоа што во само три објави 13 пати се пренеле штетни наративи, односно во секоја објава биле присутни по четири наративи.




Слика бр. 25 Колку објави со штетен наратив има секој од владините претставници

Јетон Шаќири и Јованка Тренчевска се членови на Владата со по една објава со штетен наратив, Димитар Ковачевски е со две објави, а Кренар Лога со најмногу, шест објави со штетни наративи. Членови на Владата без ниту една објава со штетен наратив се: Фатмир Меџити, Азир Алиу, Каја Шукова, Славјанка Петровска, Благој Бочварски, Фатмир Бесими, Бујар Османи, Ристо Пенов, Оливер Спасовски, Славица Грковска, Бојан Маричиќ и Фатмир Битиќи.

Во однос на видовите штетни наративи што се јавуваат во објавите на владините членови, анализата покажа дека тие најчесто го употребуваат пристрасното селектирање преку тврдења за корумпираност, нетранспарентност/ неотчетност, непрофесионалност, злоупотреба на службената должност на политичките противници без сериозен обид за поткрепа на тие тврдења. И кај секој владин член посебно и гледано општо, тоа е најчестиот штетен наратив. Со нешто помала зачестеност, но сепак присутни се и поткопувањето на довербата во институциите и во медиумите, поттикнувањето поделби, како и популизмот.




Слика бр. 26 Кои штетни наративи и колкупати ги пренеле владините членови

Што се однесува до главната тема во објавите, анализата покажа дека во 80 % од објавите со штетни наративи на членовите на Владата главна тема е внатрешната политика.

Во однос на начинот на кој се претставуваат себеси, владините членови во објавите во кои ги напаѓаат своите политички претставници најчесто се претставуваат и го истакнуваат тоа дека тие се европски ориентирани и се бранители на националниот идентитет.

Во однос пак на формата во која се пренесува штетниот наратив, податоците покажаа дека штетните нарации што ги продуцираат владините членови најчесто се во пренесените интервјуа, говори и реакции објавени на нивните фејсбук-профили.

Со оглед дека со мониторингот се следи и комуникацијата на членовите на Владата, нотирани се и специфични случаи кога владините министри го злоупотребуваат официјалниот канал на институцијата со која раководат, без притоа да користат штетни наративи. Кај дел од владините функционери најчесто се забележува практиката да се користи еден фејбук-профил за комуницирање и на официјални владини информации, но и за активности на политичките партии од кои тие доаѓаат. На еден ист профил може да се забележат активности што еден функционер ги имал како дел од Владата, а исто така и со користење официјални владини податоци да се илустрира придонесот на партијата, при што честопати се изедначува партијата со Владата, односно државата.

# ТВ-СТАНИЦИ

## Зачестеност на прилози на ТВ-станиците со штетни наративи

Во овој изминат шестмесечен период беа следени и анализирани централните информативни изданија на 9 телевизиски станици (МТВ 1, МТВ 2, Канал 5, Сител, Телма, Алсат М, Алфа, ТВ 21 и ТВ 24 Вести) во текот на 46 денови. Беа забележани вкупно 484 прилози со штетни наративи. Најмалку имало во октомври (66), а најмногу во јануари (96).




Слика бр. 27 Број на прилози со штетен наратив по месеци

# Зачестеност на штетни наративи и интензитет на штетност

Анализата на содржината на 484 прилози потврди присуство на 879 штетни наративи, најмногу во јануари (163), а најмалку во септември (122).




Слика бр. 28 Колку пати месечно се пренесени штетни наративи според месец

Беше пресметан и општ интензитет на штетност што претставува број на штетни наративи присутни во еден прилог. Тој изнесува 1,8 за сите анализирани ТВ-станици. Тоа значи дека телевизиските станици во просек емитуваат по речиси два штетни наратива во еден прилог.

## Видови штетни наративи

Од вкупно 16 штетни наративи што се во фокусот на истражувањето, анализата покажа дека се искористени 14, некои многу често, а некои поретко. Единствено штетните наративи *Теории на заговор* и *Сексизам* не се искористени од ниту една ТВ-станица.  Првите три најчесто употребувани штетни наративи во прилозите на главните вести на ТВ-станиците се:

I: **Поткопување на довербата во институциите** (319 пати или 36 % од вкупниот број штетни наративи се однесуваат на поткопување на довербата во институциите)

II: **Пристрасно селектирање** (225 пати или 26 % од вкупниот број штетни наративи значат пристрасно селектирање)

III: **Напади на лична основа/демонизација** (121 пат или 14 % од вкупниот број штетни наративи значат напади на лична основа/демонизација)

**Овие три штетни наративи нотирани во централните информативни изданија се совпаѓаат со истите три најчесто употребувани од политичките актери**.

Понатаму, според зачестеноста, следат *дезинформациите*, на кои отпаѓа 7 % од наративите, како и *поттикнувањето поделби* и *популизмот* на кои отпаѓа по 5 % од сите забележани штетни наративи на ТВ-станиците за анализираниот шестмесечен период. Останатите штетни наративи се јавуваат многу ретко.

## Кој ги „произведува штетните наративи“ и како новинарите се однесуваат кон штетните наративи на политичките актери




Општо зборувајќи, 75 % од штетните наративи се произлезени само од политичките актери присутни во прилозите, 13 % од штетните наративи ги „произведува“ само новинарот, а 12 %  се произведени и од двајцата: и од новинарот и од политичкиот субјект присутен во прилозите.

Во контекст на тоа каков е односот на новинарите во ТВ-станиците кон политичките актери кои го произведуваат штетниот наратив, може да се каже дека во 65 % од случаите кога политичкиот актер произведува штетен наратив, новинарот го пренесува без каква било интервенција, во 17 % од случаите новинарот јасно го истакнува, но не зазема страна, во 15 % новинарот со одобрување го пренесува штетниот наратив од политичкиот субјект и во 3 % од случаите новинарот се однесува со осуда и/или критика кон штетниот наратив на политичкиот актер.




Слика бр. 29 Каков е односот на новинарот при пренесувањето на штетниот наратив

## Во што се „пакува“ штетниот наратив?

Најчест жанр на токсичните прилози е извештајот (32,4 % од прилозите) или аналитичко-репортажниот прилог (30 %).

## Главна тема во прилозите со штетни наративи

Вообичаено, главна тема во прилозите со штетен наратив е внатрешната политика, но има и одреден број прилози каде главната тема е од областа на економијата, правосудството и здравството.

# Извори

Изворите во телевизиските прилози најчесто се (константно низ месеците) прецизни.

Во однос на страните прикажани во прилозите, најмногу се оние со еднострано информирање (51 %), потоа следат оние со 2 страни (такви се 25,45 %), а на крај се прилозите во кои се опфатени повеќе страни – 23,6 % прилози. За ваквиот сооднос најмногу придонесува ТВ Алфа, телевизијата со најголем број прилози[1] со штетни наративи.

Во однос на бројот на изворите во прилозите тенденцијата е истата: доминираат оние со еден извор (такви се речиси 43 % од вкупниот број прилози), потоа следат оние со 3 и повеќе извори (31,6 %), а најретки се оние со 2 извори (22 %). Нешто над 3 % од прилозите немаат никаков извор. И тука, како и кај страните, за ваквиот сооднос најмногу придонесува телевизиската станица која има најголем број прилози. Инаку, повеќето други телевизии во најголем процент користат 3 и повеќе извори во своите објави.




Слика бр. 30 Страни во информирањето




Слика бр. 31 Број на извори во прилозите

На наредните страници следат поединечните профили на телевизиските станици, во кои илустративно ќе се прикажат информации за бројот на објавени прилози со штетни наративи, видот, зачестеноста и интензитетот на штетните наративи, кој го произведува штетниот наратив и каков е односот на новинарот кон штетниот наратив на политичкиот актер. Доминантните теми, најчестите жанрови и извори (број, вид и страна на изворите) исто така ќе бидат прикажани.

[2] ТВ Алфа има вкупно 182 прилози со штетен наратив во овој шестмесечен период, што изнесува скоро 38 % од вкупниот број прилози со штетни наративи кај сите девет следени ТВ-станици. Доколку се изземе ТВ Алфа, состојбата со бројот на прикажаните страни во прилозите, како и бројот на изворите се менува: без прилозите од ТВ Алфа, прилози во кои е прикажана една страна се 39,5 %, прилози во кои се прикажани две страни се 29,5 % и прилози во кои се прикажани повеќе страни се 31 %.

# ПОЕДИНЕЧНИ ПРОФИЛИ НА ТВ-СТАНИЦИТЕ



## НАЈЧЕСТИ ГЛАВНИ ТЕМИ ВО ПРИЛОЗИТЕ СО ШТЕТНИ НАРАТИВИ




Внатрешна политика – во 53,7 % Правосудство – во 9,8 %
Криминал – во 17 % Останати теми – во 19,5 %

## БРОЈ НА ОБЈАВЕНИ ПРИЛОЗИ СО ШТЕТНИ НАРАТИВИ

За 6 месеци: 41 прилог
Ноември и декември со најголема зачестеност (половина од вкупниот број)




**Интензитет на штетност: 1,5 штетен наратив по прилог**

## ЗА КОГО НАЈЧЕСТО СЕ ЗБОРУВА И ВО КОЛКУ ПРИЛОЗИ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ?




## БРОЈ И ВИД НА НАЈЧЕСТО ПРЕНЕСЕНИ ШТЕТНИ НАРАТИВИ

МТВ 1 за 6 месеци, во 41 прилог,
61 пат пренеле штетни наративи




Во шесте месеци на МТВ 1 се забележани 41 прилог со штетен наратив. Во нив неосновано се поткопува довербата во институциите на системот, пристрасно се селектира и се напаѓа личноста, вообичаено, на политичките противници.

Речиси 90 % од штетните наративи ги генерираат само политичките актери, а новинарот главно ги пренесува без никаква интервенција.

Штетните наративи најчесто се на тема внатрешна политика, но штетните наративи се креираат и кога се зборува за криминалот и правосудството. Жанровски, најчесто се спакувани во аналитичко-репортажен прилог, извештај и вест/вест со изјава.

Во прилозите на МТВ 1 доминира повеќестраното информирање (две страни – 27,3 % и повеќе страни – 33,3 %). Во две третини од прилозите се консултирани два или повеќе извори.

Штетните наративи пренесени на МТВ 1 најчесто се за најголемите политички партии (ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ и ДУИ) и нивните лидери.

## ПРОФЕСИОНАЛНИ НОВИНАРСКИ СТАНДАРДИ

### БРОЈ НА ИЗВОРИ И ЗАСТАПЕНОСТ НА СТРАНИТЕ ВО ПРИЛОЗИТЕ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ




### ЖАНР НА ПРИЛОЗИТЕ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ




Аналитичко-репортажен прилог – во 39 % Извештај – во 25 %
Вест/вест со изјава – во 22 % Останати жанрови – 14 %

### КОЈ ГО ПРОИЗВЕДУВА ШТЕТНИОТ НАРАТИВ?




### ОДНОС НА НОВИНАРОТ КОН ШТЕТНИОТ НАРАТИВ НА ПОЛИТИЧКИОТ АКТЕР



Новинарот го пренесува штетниот наратив без никаква интервенција – 98 %
Новинарот јасно го истакнува, но не зазема страна – 2 %



## НАЈЧЕСТИ ГЛАВНИ ТЕМИ ВО ПРИЛОЗИТЕ СО ШТЕТНИ НАРАТИВИ




Внатрешна политика во 64,1 %
Економија во 13,2 %
Надворешна политика во 7,5 %
Останати теми – во 15,2 %

## БРОЈ НА ОБЈАВЕНИ ПРИЛОЗИ СО ШТЕТНИ НАРАТИВИ

За 6 месеци: 53 прилози,
најмногу прилози (17) во декември




**Интензитет на штетност: 1,6 штетен наратив по прилог**

## ЗА КОГО НАЈЧЕСТО СЕ ЗБОРУВА И ВО КОЛКУ ПРИЛОЗИ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ?




## БРОЈ И ВИД НА НАЈЧЕСТО ПРЕНЕСЕНИ ШТЕТНИ НАРАТИВИ

МТВ 2 за шест месеци, во 53 прилози,
84 пати пренеле штетни наративи




За 6 месеци на МТВ 2 се забележани 53 прилози со штетен наратив со кои неосновано се поткопува довербата во институциите на системот, пристрасно се селектира и се напаѓа личноста, но и се шират дезинформации.

Над 90 % од штетните наративи ги генерираат само политички актери, а новинарот ги пренесува без никаква интервенција.

Најчесто, штетните наративи се на тема внатрешна политика, а многу поретко на темите економија и надворешна политика. Најчестиот жанр на штетните наративи е извештајот, додека поретко се вест и интервју.

Во прилозите на МТВ 2 доминира повеќестраното информирање. Во околу една третина (28,3 %) од прилозите е прикажана само една страна. Во над три четвртини (81,1 %) од прилозите консултирани се повеќе извори.

Штетните наративи пренесени на МТВ 2 најчесто се за ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ и за нивните лидери.

## ПРОФЕСИОНАЛНИ НОВИНАРСКИ СТАНДАРДИ

### БРОЈ НА ИЗВОРИ И ЗАСТАПЕНОСТ НА СТРАНИТЕ ВО ПРИЛОЗИТЕ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ




Повеќе страни – во 35,8 %
Две страни – во 35,8 %
Еднострано – во 28,3 %

Со три и повеќе извори – во 49,1 %
Со два извора – во 32 %
Со еден извор – во 18,9 %

### ЖАНР НА ПРИЛОЗИТЕ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ




Извештај – во 86,8 % %
Вест/вест со изјава – во 7,5 %
Интервју – во 5,7 %

### КОЈ ГО ПРОИЗВЕДУВА ШТЕТНИОТ НАРАТИВ?




### ОДНОС НА НОВИНАРОТ КОН ШТЕТНИОТ НАРАТИВ НА ПОЛИТИЧКИОТ АКТЕР



Новинарот го пренесува штетниот наратив
без никаква интервенција – 100 %

# ШТЕТНИ НАРАТИВИ НА КАНАЛ 5



## НАЈЧЕСТИ ГЛАВНИ ТЕМИ ВО ПРИЛОЗИТЕ СО ШТЕТНИ НАРАТИВИ




## БРОЈ НА ОБЈАВЕНИ ПРИЛОЗИ СО ШТЕТНИ НАРАТИВИ

За 6 месеци: 31 прилог
Најмалку прилози има во септември и октомври, а најмногу во јануари




**Интензитет на штетност: 2,4 штетен наратив по прилог**

## ЗА КОГО НАЈЧЕСТО СЕ ЗБОРУВА И ВО КОЛКУ ПРИЛОЗИ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ?




## БРОЈ И ВИД НА НАЈЧЕСТО ПРЕНЕСЕНИ ШТЕТНИ НАРАТИВИ

Канал 5 за шест месеци, во 31 прилог, 74 пати пренеле штетни




## ПРОФЕСИОНАЛНИ НОВИНАРСКИ СТАНДАРДИ

### БРОЈ НА ИЗВОРИ И ЗАСТАПЕНОСТ НА СТРАНИТЕ ВО ПРИЛОЗИТЕ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ




### ЖАНР НА ПРИЛОЗИТЕ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ




### КОЈ ГО ПРОИЗВЕДУВА ШТЕТНИОТ НАРАТИВ?




### ОДНОС НА НОВИНАРОТ КОН ШТЕТНИОТ НАРАТИВ НА ПОЛИТИЧКИОТ АКТЕР




За 6 месеци на Канал 5 се забележани 31 прилог со штетен наратив со кои неосновано се поткопува довербата во институциите на системот, пристрасно се селектира, но и се поттикнуваат поделби, се напаѓа личноста и се шират дезинформации.

Близу 90 % од штетните наративи се генерирани само од политичкиот актер, а новинарот главно ги пренесува без никаква интервенција, но во мал број (5 %) случаи ги пренесува со одобрување.

Најчестата тема на штетните наративи е внатрешната политика, но меѓу почестите теми се и надворешната политика, економијата и криминалот. Два жанра се јавуваат најчесто – половина од прилозите се во форма на извештај, додека во скоро 30 % се пренесен говор на политичар.

Релативно повеќестрано се информира во прилозите на Канал 5, иако не е мал бројот на прилози во кои еднострано се информира (38,7 %). Скоро во две третини од прилозите се консултирани два и повеќе извори, а во една третина само еден извор.

Штетните наративи пренесени на Канал 5 најчесто се однесуваат на различни актери, но сепак почесто отколку за други актери се за премиерот Димитар Ковачевски, а потоа и за лидерот на ВМРО-ДПМНЕ.

# ШТЕТНИ НАРАТИВИ НА СИТЕЛ



### НАЈЧЕСТИ ГЛАВНИ ТЕМИ ВО ПРИЛОЗИТЕ СО ШТЕТНИ НАРАТИВИ




Внатрешна политика во 55,1 %
Надворешна политика во 14,3 %
Правосудство во 10,2 %
Економија во 8,2 %
Останати теми во вкупно 12,2 %

### БРОЈ НА ОБЈАВЕНИ ПРИЛОЗИ СО ШТЕТНИ НАРАТИВИ

За 6 месеци: 49 прилози, најмалку прилози има во ноември, додека во другите пет месеци се релативно рамномерно застапени (половина од вкупниот број)




**Интензитет на штетност: 2,1 штетен наратив по прилог**

### ЗА КОГО НАЈЧЕСТО СЕ ЗБОРУВА И ВО КОЛКУ ПРИЛОЗИ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ?




### БРОЈ И ВИД НА НАЈЧЕСТО ПРЕНЕСЕНИ ШТЕТНИ НАРАТИВИ

Сител за шест месеци, во 49 прилози, 102 пати пренеле штетни наративи




Во текот на шесте месеци на Сител забележани се 49 прилози со штетен наратив со кои неосновано се поткопува довербата во институциите на системот, пристрасно се селектира, но и се шират дезинформации, како и се напаѓа личноста на политичките противници.

Скоро две третини од штетните наративи ги генерира само политичкиот актер. Околу една петина ги произведува само новинарот и во исто толку и двајцата. Притоа, новинарот главно ги пренесува без никаква интервенција и јасно без да зазема новинарот страна, но релативно значаен број (15,5 %) од штетните наративи новинарот ги пренесува со одобрување.

Штетните наративи главно се на теми од внатрешната политика, а малку поретко и на теми како надворешна политика, правосудство и економија. Жанровски гледано, половина од прилозите се аналитичко-репортажен прилог, потоа известувај, вест или пренесен говор на политичар.

Во околу 60 % од прилозите се претставени повеќе засегнати страни, а во повеќе од една третина известувањето е еднострано. Слично, најчести се прилозите во кои се консултирани два и повеќе извори.

Штетните наративи пренесени на Сител најчесто се однесуваат на власта, ВМРО-ДПМНЕ, како и на премиерот и на лидерот на ВМРО-ДПМНЕ.

## ПРОФЕСИОНАЛНИ НОВИНАРСКИ СТАНДАРДИ

### БРОЈ НА ИЗВОРИ И ЗАСТАПЕНОСТ НА СТРАНИТЕ ВО ПРИЛОЗИТЕ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ




### ЖАНР НА ПРИЛОЗИТЕ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ




Аналитичко-репортажен прилог – во 51 %
Извештај – во 14,3 % од прилозите
Вест/вест со изјава – во 10,2 %
Пренесен говор на политичар – во 10,2 %
Останати жанрови – во 14,3 %

### КОЈ ГО ПРОИЗВЕДУВА ШТЕТНИОТ НАРАТИВ?




### ОДНОС НА НОВИНАРОТ КОН ШТЕТНИОТ НАРАТИВ НА ПОЛИТИЧКИОТ АКТЕР



Новинарот јасно го истакнува, но не зазема страна – 43,1 %
Новинарот го пренесува штетниот наратив без никаква интервенција – 39,7 %
Новинарот го одобрува – 15,5 %
Новинарот го осудува – 1,7 %

# ШТЕТНИ НАРАТИВИ НА ТЕЛМА



## НАЈЧЕСТИ ГЛАВНИ ТЕМИ ВО ПРИЛОЗИТЕ СО ШТЕТНИ НАРАТИВИ




Внатрешна политика во 46,9 %
Здравство во 21,9 %
Правосудство – во 12,4 %
Надворешна политика во 9,4 %
Останати теми во 9,4 %

## БРОЈ НА ОБЈАВЕНИ ПРИЛОЗИ СО ШТЕТНИ НАРАТИВИ

За шест месеци: 32 прилози
Најмногу прилози има во септември,
во другите месеци е во ист број




**Интензитет на штетност: 2,5 штетен наратив по прилог**

## ЗА КОГО НАЈЧЕСТО СЕ ЗБОРУВА И ВО КОЛКУ ПРИЛОЗИ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ?




## БРОЈ И ВИД НА НАЈЧЕСТО ПРЕНЕСЕНИ ШТЕТНИ НАРАТИВИ

Телма за шест месеци, во 32 прилози,
80 пати пренеле штетни наративи




Забележани се 32 прилози со штетен наратив на Телма во тек на шесте месеци на мониторинг. Најчесто во нив неосновано се поткопува довербата во институциите на системот, пристрасно се селектира, но и се шират дезинформации, како и се напаѓа личноста на политичките противници.

Скоро сите (98,2 %) од штетните наративи се генерирани само од политички актери. Новинарот главно ги пренесува овие наративи без интервенција и без да зазема страна, но во мал број (3,6 %) случаи новинарот ги пренесува со осуда и/или критика.

Скоро половина од прилозите со штетен наратив се за внатрешна политика, но и за здравство, правосудство и надворешна политика. Во најголем дел, жанрот на прилозите е извештај и аналитичко-репортажен прилог, а помалку (12,5 %) вест.

Во три четвртини од прилозите новинарот информира повеќестрано и во над 80 % од прилозите се консултирани два и повеќе извори.

Штетните наративи пренесени на Телма најчесто се однесуваат на двете најголеми политички партии (СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ) и на нивните лидери.

## ПРОФЕСИОНАЛНИ НОВИНАРСКИ СТАНДАРДИ

### БРОЈ НА ИЗВОРИ И ЗАСТАПЕНОСТ НА СТРАНИТЕ ВО ПРИЛОЗИТЕ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ




### ЖАНР НА ПРИЛОЗИТЕ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ




Извештај – во 62,5 %
Аналитичко-репортажен прилог – во 15,6 %
Вест/вест со изјава – во 12,5 %
Останати жанрови – во 9,4 %

### КОЈ ГО ПРОИЗВЕДУВА ШТЕТНИОТ НАРАТИВ?




### ОДНОС НА НОВИНАРОТ КОН ШТЕТНИОТ НАРАТИВ НА ПОЛИТИЧКИОТ АКТЕР



Новинарот го пренесува штетниот наратив без никаква интервенција – 65,5 %
Новинарот јасно го истакнува, но не зазема страна – 30,9 %
Новинарот го осудува – 3,6 %

# ШТЕТНИ НАРАТИВИ НА АЛСАТ-М



## НАЈЧЕСТИ ГЛАВНИ ТЕМИ ВО ПРИЛОЗИТЕ СО ШТЕТНИ НАРАТИВИ




Внатрешна политика во 61,1 %
Правосудство во 8,3 %
Образование во 8,3 %
Здравство во 5,6 %
Останати теми во 16,7 %

## ЗА КОГО НАЈЧЕСТО СЕ ЗБОРУВА И ВО КОЛКУ ПРИЛОЗИ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ?




## БРОЈ НА ПРИЛОЗИ СО ШТЕТНИ НАРАТИВИ ПО МЕСЕЦИ

За 6 месеци: 36 прилози




**Интензитет на штетност: 1,6 штетен наратив по прилог**

## БРОЈ И ВИД НА НАЈЧЕСТО ПРЕНЕСЕНИ ШТЕТНИ НАРАТИВИ

Алсат М за шест месеци, во 36 прилози, 58 пати пренеле штетни наративи




## ПРОФЕСИОНАЛНИ НОВИНАРСКИ СТАНДАРДИ

### БРОЈ НА ИЗВОРИ И ЗАСТАПЕНОСТ НА СТРАНИТЕ ВО ПРИЛОЗИТЕ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ







### ЖАНР НА ПРИЛОЗИТЕ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ




Извештај – во 36,1 %
Интервју – во 25 %
Пренесено соопштение – во 13,9 %
Пренесен говор на политичар – во 11,1 %
Останати жанрови – во 13,9 %

### КОЈ ГО ПРОИЗВЕДУВА ШТЕТНИОТ НАРАТИВ?




### ОДНОС НА НОВИНАРОТ КОН ШТЕТНИОТ НАРАТИВ НА ПОЛИТИЧКИОТ АКТЕР



Новинарот го пренесува штетниот наратив без никаква интервенција – 92,3 %
Новинарот го одобрува – 7,7 %

Во текот на шесте месеци кај Алсат М се забележани 36 прилози со штетен наратив. Во нив најчесто неосновано се поткопува довербата во институциите на системот, пристрасно се селектира и се напаѓа личноста на политичките противници, но и се шират дезинформации.

Најголем број од штетните наративи ги произведуваат политички актери. Притоа, телевизијата главно ги пренесува без никаква интервенција, но 8 % од штетните наративи на политичките актери новинарот ги пренесува со одобрување.

Во прилозите со штетни наративи темите кои најчесто се појавуваат се поврзани со внатрешната политика, а потоа и со правосудството, образованието и здравството. Над половина од прилозите се во форма на извештај и интервју, а потоа во форма на пренесено соопштение и пренесен говор на политичар.

Во најголем дел од прилозите (76,6 %) се забележува еднострaност во информирањето. Исто така и во најголем дел (73,3 %) при подготовката на прилозите се информираат само од еден извор.

Штетните наративи пренесени на Алсат М најчесто се однесуваат на власта, Христијан Мицкоски и ДУИ.

# ШТЕТНИ НАРАТИВИ НА АЛФА

## НАЈЧЕСТИ ГЛАВНИ ТЕМИ ВО ПРИЛОЗИТЕ СО ШТЕТНИ НАРАТИВИ




Внатрешна политика во 60,4 %
Економија во 11 %
Криминал во 5,5 %
Здравство во 5,5 %
Други теми во 17,6 %

## БРОЈ НА ПРИЛОЗИ СО ШТЕТНИ НАРАТИВИ ПО МЕСЕЦИ

За 6 месеци: 182 прилози
Најмалку ноември и декември, најмногу во февруари




**Интензитет на штетност: 1,8 штетен наратив по прилог**

## ЗА КОГО НАЈЧЕСТО СЕ ЗБОРУВА И ВО КОЛКУ ПРИЛОЗИ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ?




## БРОЈ И ВИД НА НАЈЧЕСТО ПРЕНЕСЕНИ ШТЕТНИ НАРАТИВИ

Алфа за шест месеци, во 182 прилози,
327 пати пренеле штетни наративи




## ПРОФЕСИОНАЛНИ НОВИНАРСКИ СТАНДАРДИ

### БРОЈ НА ИЗВОРИ И ЗАСТАПЕНОСТ НА СТРАНИТЕ ВО ПРИЛОЗИТЕ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ




### ЖАНР НА ПРИЛОЗИТЕ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ




Аналитичко-репортажен прилог – во 54,9 %
Пренесен говор на политичар – во 17,6 %
Пренесено соопштение – во 6,6 %
Анализа/коментар – во 6 %
Останати жанрови – во 14,9 %

### КОЈ ГО ПРОИЗВЕДУВА ШТЕТНИОТ НАРАТИВ?




### ОДНОС НА НОВИНАРОТ КОН ШТЕТНИОТ НАРАТИВ НА ПОЛИТИЧКИОТ АКТЕР



Новинарот го одобрува – 37,4 %
Новинарот го пренесува штетниот наратив без никаква интервенција – 29,5 %
Новинарот јасно го истакнува, но не зазема страна – 25,8 %
Новинарот го осудува и/или критикува – 7,4 %

Во текот на шесте месеци следење, кај Алфа се забележани 182 прилози со штетен наратив со кои неосновано се поткопува довербата во институциите на системот, пристрасно се селектира, како и се напаѓа личноста на политичките противници.

Единствено кај ТВ Алфа, 50 % од штетните наративи се креирани или од новинарот (28,6 %), или од новинарот и политичкиот актер (21,4 %), додека останатите 50 % се од политичарите. Притоа, новинарот во најголем број случаи го одобрува индикаторот на штетниот наратив произведен од политичкиот актер, а дури потоа ги пренесува без никаква интервенција и јасно без да зазема страна. Помал број (7,4 %) од штетните наративи ги пренесува со осуда и/или критика.

Доминира едностраното информирање (во 73,7 % од прилозите е прикажана само една страна). Слично, најчесто (60,6 %) во прилозите е консултиран само еден извор. Во 12,9 % од прилозите се консултирани три и повеќе извори. Алфа е единствената телевизија којашто во скоро 10 % од „штетните“ прилози нема наведени извори.

Темите што најчесто се појавуваат во спорните прилози се поврзани со внатрешната политика, а поретко со економијата, криминалот и здравството. Половина од прилозите се аналитичко-репортажен прилог, потоа следуваат жанровите пренесено соопштение или пренесен говор на политичар и само во 6 % е анализа/коментар.

Штетните наративи на Алфа најчесто се однесуваат на власта, ВМРО-ДПМНЕ, како и на премиерот и на лидерот на ВМРО-ДПМНЕ.

# ШТЕТНИ НАРАТИВИ НА ТВ 21

## НАЈЧЕСТИ ГЛАВНИ ТЕМИ ВО ПРИЛОЗИТЕ СО ШТЕТНИ НАРАТИВИ




## БРОЈ НА ПРИЛОЗИ СО ШТЕТНИ НАРАТИВИ ПО МЕСЕЦИ

За 6 месеци: 45 прилози
Најмалку прилози имало во септември,
а најмногу во ноември и февруари.




Интензитет на штетност: 1,6 штетен наратив по прилог

## ЗА КОГО НАЈЧЕСТО СЕ ЗБОРУВА И ВО КОЛКУ ПРИЛОЗИ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ?




## БРОЈ И ВИД НА НАЈЧЕСТО ПРЕНЕСЕНИ ШТЕТНИ НАРАТИВИ

ТВ 21 за шест месеци, во 45 прилози,
70 пати пренеле штетни наративи




## ПРОФЕСИОНАЛНИ НОВИНАРСКИ СТАНДАРДИ

### БРОЈ НА ИЗВОРИ И ЗАСТАПЕНОСТ НА СТРАНИТЕ ВО ПРИЛОЗИТЕ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ




### ЖАНР НА ПРИЛОЗИТЕ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ




### КОЈ ГО ПРОИЗВЕДУВА ШТЕТНИОТ НАРАТИВ?




### ОДНОС НА НОВИНАРОТ КОН ШТЕТНИОТ НАРАТИВ НА ПОЛИТИЧКИОТ АКТЕР




Вкупно 45 прилози со штетни наративи се забележани на ТВ 21 во шесте месеци. Во нив неосновано се поткопува довербата во институциите на системот, се напаѓа личноста на политичките противници и пристрасно се селектира, но и се шират дезинформации.

Сите штетни наративи се генерирани само од политички актери, а новинарот ги пренесува без никаква интервенција и без да зазема страна.

Доминантните теми во штетните наративи се внатрешна политика и многу помалку економија. Доминантен жанр (75 %) е извештајот, а една четвртина е веста.

Во повеќе од половина од прилозите информирањето е повеќестрано. Слично, во околу 70 % од прилозите консултирани се два и повеќе извори.

Штетните наративи пренесени на ТВ 21 најчесто се однесуваат на Димитар Ковачевски и на ВМРО-ДПМНЕ.

# ШТЕТНИ НАРАТИВИ НА 24 ВЕСТИ



### НАЈЧЕСТИ ГЛАВНИ ТЕМИ СО ШТЕТНИ НАРАТИВИ




### ЗА КОГО НАЈЧЕСТО СЕ ЗБОРУВА И ВО КОЛКУ ПРИЛОЗИ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ?




### БРОЈ НА ПРИЛОЗИ СО ШТЕТНИ НАРАТИВИ ПО МЕСЕЦИ

За 6 месеци: 15 прилози
Во ноември нема ниту еден прилог со штетен наратив, а најмногу (8) има во јануари




**Интензитет на штетност: 1,5 штетен наратив по прилог**

### БРОЈ И ВИД НА НАЈЧЕСТО ПРЕНЕСЕНИ ШТЕТНИ НАРАТИВИ

ТВ 24 Вести за шест месеци, во 15 прилози, 23 пати пренеле штетни наративи




## ПРОФЕСИОНАЛНИ НОВИНАРСКИ СТАНДАРДИ

### БРОЈ НА ИЗВОРИ И ЗАСТАПЕНОСТ НА СТРАНИТЕ ВО ПРИЛОЗИТЕ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ




### ЖАНР НА ПРИЛОЗИТЕ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ




### КОЈ ГО ПРОИЗВЕДУВА ШТЕТНИОТ НАРАТИВ?




### ОДНОС НА НОВИНАРОТ КОН ШТЕТНИОТ НАРАТИВ НА ПОЛИТИЧКИОТ АКТЕР




За време на шест месеци кај ТВ 24 Вести се забележани 15 прилози со штетен наратив со кои неосновано пристрасно се селектира, но и се напаѓа личноста на политичките противници и се поткопува довербата во институциите на системот.

Скоро сите од штетните наративи се произведени само од политички актери, но и 4 % од нив од новинарот. Притоа, телевизијата главно ги пренесува без никаква интервенција и јасно без да зазема новинарот страна. Сепак, во релативно значаен број (17,4 %) случаи новинарот ги пренесува со одобрување.

Како главна тема во прилозите со штетен наратив се јавува внатрешната политика во 80 % од прилозите, а потоа многу поретко (13 %) и правосудството. Жанровски, во половина од прилозите се известува преку извештај, потоа преку анализа/коментар, а потоа преку пренесен говор на политичар или интервју.

Главно во прилозите се известува повеќестрано, но во третина од прилозите се забележува еднострано известување. Слично, во најголем дел (околу 70 %) од прилозите се консултираат два и повеќе извори.

Штетните наративи пренесени на ТВ 24 Вести најчесто се однесуваат на Христијан Мицкоски, СДСМ и Димитар Ковачевски.

# Споредба по број на прилози за 6 месеци




Слика бр. 32 Број на прилози со штетен наратив според ТВ-станица

Како што е видливо од сликата, најголем број од телевизиите објавиле меѓу 36 и 53 прилози со штетни наративи. Две телевизии се издвојуваат - ТВ 24 Вести е единствената телевизија којашто објавила само 15 прилози со штетни наративи, додека ТВ Алфа објавила скоро четирипати повеќе од МТВ 2 и 12 пати повеќе од ТВ 24 Вести.

# Споредби по интензитет на штетност на прилогот




Слика бр. 33 Интензитет на штетност според ТВ-станица

Според интензитетот на штетност, МТВ 1 и ТВ 24 Вести се со најнизок, што значи дека анализираните прилози, во просек, содржат 1,5 штетни наративи во еден прилог, додека највисок има Телма, со просечно 2,5 штетни наративи застапени во еден прилог.

## Споредби по вид на штетни наративи

Сликата подолу покажува кои се најчестите штетни наративи што секоја од телевизиите ги пренела и колкупати го пренела секој од тие наративи.




Слика бр. 34 Најчесто пренесувани штетни наративи според ТВ-станица

За сите ТВ-станици е претставено колкупати се пренесени трите најчести штетни наративи. Како што може да се забележи, речиси во секоја ТВ-станица доминира *поткопувањето на довербата во институциите*, а веднаш до овој штетен наратив се наративите *пристрасно селектирање* и *напади на лична основа/демонизација*. Кај Канал 5 во првите 3 најчести штетни наративи се најде *поттикнувањето поделби*, додека *дезинформациите се појавуваат во четири ТВ-станици*.

# Споредба во однос на тоа кој го произведува наративот




Слика бр. 35 Кој го произведува штетниот наратив во прилогот според ТВ-станица

Иако штетните наративи доминантно ги генерираат политичките актери, сепак има ТВ-станици како Алфа и Сител каде што и новинарот се јавува како „производител“.

# Споредби помеѓу ТВ-станиците за односот на новинарот кон штетниот наратив на политичкиот субјект




Слика бр. 36 Каков е односот на новинарот при пренесување на штетниот

Податоците покажуваат дека најчест однос на новинарот кон штетниот наратив е тој да го пренесува штетниот наратив без каква било интервенција и тоа е случај кај сите ТВ-станици. Сепак има и такви станици кои, неретко, јасно го истакнуваат штетниот наратив без да заземат страна или пак го пренесуваат истиот со одобрување.

# ОНЛАЈН-МЕДИУМИ



# Зачестеност на прилози на онлајн-медиумите со штетни наративи

Во периодот септември 2023 – февруари 2024 година беа следени 11 информативни онлајн-медиуми. Во вкупно 46-те денови на мониторинг беа забележани 1236 прилози со штетни наративи. Најмалку имало во октомври (154), а најмногу во јануари (240).




Слика бр. 37 Вкупен број објави со штетен наратив според онлајн-медиум

# Зачестеност на штетни наративи и интензитет на штетност

Анализата на содржината на 1236-те прилози објавени од 11 онлајн-медиуми потврди присуство на 2631 штетен наратив. Иако присутноста на штетните наративи во шестмесечниот анализиран период е релативно рамномерно распределена по месеци, сепак се забележуваат два специфични моменти – во ноември има најголемо присуство (575), а пак во февруари најмало (330), скоро двапати (1,7 пати) помало од оние во ноември.




Слика бр. 38 Број на пренесени штетни наративи според месец

Беше пресметан и интензитетот на штетноста, што претставува број на штетни наративи присутни во еден прилог (објава). Колку е поголем бројот на присутни наративи, толку е поголем интензитетот на штетноста. Тој изнесува 2,1 за сите анализирани онлајн-медиуми. Тоа значи дека онлајн-медиумите во просек објавуваат по два штетни наратива во една објава/прилог.

Ако се анализира пак по месеци, трендот на движење на интензитетот на штетност, односно соодносот меѓу објавени прилози и присутност на штетен наратив во нив, се забележува постепен пад на интензитетот на штетност од декември до февруари, така што од ноември 2023 година до февруари 2024 е намалено во просек за еден наратив.




Слика бр. 39 Број на пренесени штетни наративи според месец

# Видови штетни наративи

Првите три најчесто пренесувани штетни наративи во текот на шестмесечниот период се:

- Поткопување на довербата во институциите
- Пристрасно селектирање
- Напади на личноста

Понатаму, според честотата следат и: Дезинформации, Поттикнување поделби и Популизам.

# Кој ги произведува штетните наративи и како новинарите се однесуваат кон штетните наративи на политичките актери

Во над 80 % од штетниот наратив, истиот е произведен од политичкиот актер, во 12 % го произведуваат двајцата, додека новинарот го произведува само во 6 % случаи.




Слика бр. 40 Кој го произведува штетниот наратив

Во случаите кога штетниот наратив е произведен или од политичкиот актер или од двајцата, најчесто, односно во 63 % од прилозите, новинарот само го пренесува без да интервенира при пренесувањето (се однесува како да е медиумот „огласна табла“ на која политичкиот актер го соопштува својот штетен наратив), а дури во 14 % од прилозите и **го одобрува** присутниот штетен наратив во прилогот.




Слика бр. 41 Каков е односот на новинарот при пренесување на штетниот наратив

# Кој е најчесто користениот жанр на прилозите со штетен наратив

Кога ќе се анализира преку кои жанрови се пренесува штетниот наратив, гледано генерално на ниво на сите 11 анализирани онлајн-медиуми, се забележува дека во над 63 % тоа се или пренесено соопштение од политичките партии или пак пренесен говор на некој политичар. Останатите новинарски жанрови со кои се пренесува поцелосна слика, разработка на темата од повеќе страни за непристрасно и објективно информирање, се застапени во многу мал број, така што останува впечатокот дека онлајн-медиумите што се предмет на мониторинг претставуваат уште една платформа за политичките актери и партии да ги пренесат своите штетни наративи.



34 % Соопштение
29 % Говор на политичар
12 % Друго
3 % Интервју
1 % Коментар
1 % Анализа/Коментар
1 % Аналитичко-репортажен прилог
11 % Извештај
8 % Вест

Слика бр. 42 Кои жанрови најчесто се користат во објавите со штетен наратив

# Главна тема во прилозите со штетни наративи

Слично како и кај ТВ-станиците, на ниво на сите 11 онлајн-медиуми, доминира внатрешната политика како главна тема на прилозите со штетен наратив со 64,4 %, додека темите криминал, корупција и економија учествуваат со околу 5-7 %.

# Извори

Изворите во прилозите/објавите на анализираните онлајн-медиуми најчесто се прецизни, во просек во 85 % од случаите. Ова се должи пред сè на фактот што преовладуваат соопштенијата за јавност или говорите на политичарите.

Она што значајно отстапува од професионалното новинарско известување коешто подразбира објективност, непристрасност и водење грижа за обезбедување балансирани информации за јавноста да може да носи здрави одлуки е тенденцијата во 90 % од објавите да се прикаже само една страна.




Слика бр. 43 Прикажани страни во објавите на онлајн-медиумите




Слика бр. 44 Број на извори во објавите на онлајн-медиумите

Во однос на тоа колку извори консултираат (бројот на изворите) во прилозите/објавите, доминираат оние прилози во кои е консултиран само еден извор (87 %), потоа следат оние со два извори (6 %) и оние со три и повеќе (6 %). Во 1 % од прилозите/објавите нема наведен извор.

# ПОЕДИНЕЧНИ ПРОФИЛИ НА ОНЛАЈН-МЕДИУМИТЕ



# ШТЕТНИ НАРАТИВИ НА ТЕТОВА СОТ



## НАЈЧЕСТИ ТЕМИ СО ШТЕТНИ НАРАТИВИ




## ЗА КОГО НАЈЧЕСТО СЕ ЗБОРУВА И ВО КОЛКУ ПРИЛОЗИ/ОБЈАВИ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ?




## БРОЈ НА ОБЈАВИ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ НИЗ МЕСЕЦИТЕ

За 6 месеци: 74 прилози/објави, најмалку (9) во декември, а најмногу (20) во февруари




**Интензитет на штетност: 1,6 штетен наратив по прилог/објава**

## БРОЈ И ВИД НА ПРЕНЕСЕНИ ШТЕТНИ НАРАТИВИ

Тетова Сот за шест месеци, во 74 прилози/објави, 120 пати пренеле штетни наративи




## ПРОФЕСИОНАЛНИ НОВИНАРСКИ СТАНДАРДИ

### БРОЈ НА ИЗВОРИ И ЗАСТАПЕНОСТ НА СТРАНИТЕ ВО ПРИЛОЗИТЕ/ОБЈАВИТЕ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ




### ЖАНР НА ПРИЛОЗИТЕ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ




### КОЈ ГО ПРОИЗВЕДУВА ШТЕТНИОТ НАРАТИВ?




### ОДНОС НА НОВИНАРОТ КОН ШТЕТНИОТ НАРАТИВ




Во текот на шесте месеци на Тетова Сот се забележани 74 објави со штетен наратив со кои неосновано се поткопува довербата во институциите на системот, се дезинформира и се поттикнува етноцентризам. Тематски, најголемиот број од штетните наративи се поврзани со внатрешната политика, а поретко со надворешната политика, правосудството, образованието и здравството.

Штетните наративи пренесени на Тетова Сот најчесто се однесуваат на СДСМ, ВМРО-ДПМНЕ и лидерот на ВМРО-ДПМНЕ. Најчестите жанровски форми се пренесен говор, потоа извештај и пренесено соопштение.

Најголем дел од штетните наративи ги произведуваат политичките актери, но скоро една третина ги произведува и новинарот. Притоа, новинарот во најголем број случаи ги пренесува без никаква интервенција, а во мал број и го одобрува индикаторот на штетниот наратив произведен од политичкиот актер.

Во прилозите најчесто се информира еднострано. Слично, најчесто е консултиран само еден извор во прилозите со штетен наратив. Прецизни извори има во 94 % од прилозите.



## НАЈЧЕСТИ ТЕМИ СО ШТЕТНИ НАРАТИВИ




## ЗА КОГО НАЈЧЕСТО СЕ ЗБОРУВА И ВО КОЛКУ ПРИЛОЗИ/ОБЈАВИ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ?




## БРОЈ НА ОБЈАВИ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ НИЗ МЕСЕЦИТЕ

За 6 месеци: 98 прилози/објави Најмалку (4) објави има во октомври, а најмногу (23) во февруари




**Интензитет на штетност: 1,5 штетен наратив по прилог/објава**

## БРОЈ И ВИД НА ПРЕНЕСЕНИ ШТЕТНИ НАРАТИВИ

Алмакос за шест месеци, во 98 објави, 148 пати пренеле штетни наративи




## ПРОФЕСИОНАЛНИ НОВИНАРСКИ СТАНДАРДИ

### БРОЈ НА ИЗВОРИ И ЗАСТАПЕНОСТ НА СТРАНИТЕ ВО ПРИЛОЗИТЕ/ОБЈАВИТЕ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ




### ЖАНР НА ПРИЛОЗИТЕ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ




### КОЈ ГО ПРОИЗВЕДУВА ШТЕТНИОТ НАРАТИВ?




### ОДНОС НА НОВИНАРОТ КОН ШТЕТНИОТ НАРАТИВ




Во шесте месеци кај Алмакос се забележани 98 објави со штетен наратив со кои пристрасно се селектира, неосновано се поткопува довербата во институциите на системот, но и се напаѓа личноста на политичките противници. Најчесто штетните наративи се поврзани со теми од внатрешната политика, а поретко и со надворешната политика, економијата и образованието.

Штетните наративи пренесени на Алмакос најчесто се однесуваат на ДУИ, потоа на ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ и на Владата. Најчест користен жанр е извештајот, а една четвртина се спакувани како пренесено соопштение.

Политичките актери се тие кои најчесто ги произведуваат штетните наративи, а многу малку ги произведуваат двајцата. Притоа, новинарот скоро во сите објави ги пренесува без никаква интервенција.

Прилозите најчесто еднострано информираат. Во над 80 % од прилозите консултиран е само еден извор. Изворите се прецизни скоро во сите објави.

# ШТЕТНИ НАРАТИВИ НА ВЕЧЕР.мк

## НАЈЧЕСТИ ТЕМИ СО ШТЕТНИ НАРАТИВИ




## БРОЈ НА ОБЈАВИ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ НИЗ МЕСЕЦИТЕ

За 6 месеци: 131 прилози/објави
Најмалку објави во септември (17) и февруари (18),
а најмногу во октомври (26) и декември (26)




**Интензитет на штетност:**
**2,8 штетен наратив по прилог/објава**

## ЗА КОГО НАЈЧЕСТО СЕ ЗБОРУВА И ВО КОЛКУ ПРИЛОЗИ/ОБЈАВИ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ?




## БРОЈ И ВИД НА ПРЕНЕСЕНИ ШТЕТНИ НАРАТИВИ

Вечер за шест месеци, во 131 објава,
371 пати пренеле штетни наративи




## ПРОФЕСИОНАЛНИ НОВИНАРСКИ СТАНДАРДИ

### БРОЈ НА ИЗВОРИ И ЗАСТАПЕНОСТ НА СТРАНИТЕ ВО ПРИЛОЗИТЕ/ОБЈАВИТЕ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ




### ЖАНР НА ПРИЛОЗИТЕ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ




### КОЈ ГО ПРОИЗВЕДУВА ШТЕТНИОТ НАРАТИВ?




### ОДНОС НА НОВИНАРОТ КОН ШТЕТНИОТ НАРАТИВ




Во шесте месеци од следењето на Вечер се забележани 131 објава со штетни наративи со кои неосновано се поткопува довербата во институциите на системот, пристрасно се селектира и се шират дезинформации.

Половина од штетните наративи се поврзани со темата внатрешна политика, а во помали броеви се поврзани со корупцијата, економијата, здравството, правосудството и криминалот. Штетните наративи пренесени на Вечер најчесто се однесуваат на ДУИ во текот на целиот период, потоа на СДСМ и на Владата. Во над 80 % во објавите се користат пренесено соопштение и пренесен говор, како жанрови.

Половина од штетните наративи ги креираат политичарот и новинарот заедно, додека нешто помалку само политичкиот актер. Притоа, новинарот најчесто ги пренесува со одобрување.

Скоро во сите објави информирањето е еднострано и консултиран е само еден извор. Изворите се прецизни во нешто повеќе од половина објави.

# КУРИР.МК ШТЕТНИ НАРАТИВИ НА КУРИР



## НАЈЧЕСТИ ТЕМИ СО ШТЕТНИ НАРАТИВИ




## БРОЈ НА ОБЈАВИ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ НИЗ МЕСЕЦИТЕ

За 6 месеци: 171 прилози/објави
Најмалку објави имал во октомври (2),
а најмногу во ноември (41)




**Интензитет на штетност:**
**3,6 штетен наратив по прилог/објава**

## ЗА КОГО НАЈЧЕСТО СЕ ЗБОРУВА И ВО КОЛКУ ПРИЛОЗИ/ОБЈАВИ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ?




## БРОЈ И ВИД НА ПРЕНЕСЕНИ ШТЕТНИ НАРАТИВИ

Курир за шест месеци, во 171 објава,
609 пати пренеле штетни наративи




Во шесте месеци кај Курир се забележани 171 објава со штетен наратив. Во овие објави со штетен наратив неосновано се поткопува довербата во институциите на системот, пристрасно се селектира и се шират дезинформации.

Покрај штетни наративи на тема внатрешна политика, штетните наративи се и на темите економија, здравство, правосудство и криминал. Штетните наративи пренесени на Курир најчесто се однесуваат на Владата, ВМРО-ДПМНЕ и лидерот на оваа партија.

Над 60 % објавите се во форма на пренесено соопштение и пренесен говор. Најголемиот број од индикаторите на штетни наративи ги генерира политичарот. Притоа, новинарот најчесто ги пренесува без никаква интервенција.

Скоро во сите објави прикажувањето е еднострано и скоро за сите објави консултиран е само еден извор. Изворите се прецизни во нешто повеќе од половина објави.

## ПРОФЕСИОНАЛНИ НОВИНАРСКИ СТАНДАРДИ

### БРОЈ НА ИЗВОРИ И ЗАСТАПЕНОСТ НА СТРАНИТЕ ВО ПРИЛОЗИТЕ/ОБЈАВИТЕ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ




### ЖАНР НА ПРИЛОЗИТЕ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ




### КОЈ ГО ПРОИЗВЕДУВА ШТЕТНИОТ НАРАТИВ?




### ОДНОС НА НОВИНАРОТ КОН ШТЕТНИОТ НАРАТИВ



**Република online** ШТЕТНИ НАРАТИВИ НА РЕПУБЛИКА



### НАЈЧЕСТИ ТЕМИ СО ШТЕТНИ НАРАТИВИ




58 % - Внатрешна политика
11 % - Економија
10 % - Корупција
7 % - Здравство
4 % - Други теми

### БРОЈ НА ОБЈАВИ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ НИЗ МЕСЕЦИТЕ

За 6 месеци: 265 прилози/објави со штетен наратив
Најмалку (30) во февруари, а најмногу (59) во септември




**Интензитет на штетност:**
**1,6 штетен наратив по прилог/објава**

### ЗА КОГО НАЈЧЕСТО СЕ ЗБОРУВА И ВО КОЛКУ ПРИЛОЗИ/ОБЈАВИ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ?




### БРОЈ И ВИД НА ПРЕНЕСЕНИ ШТЕТНИ НАРАТИВИ

Република за шест месеци, во 265 објави, 436 пати пренела штетни наративи




## ПРОФЕСИОНАЛНИ НОВИНАРСКИ СТАНДАРДИ

### БРОЈ НА ИЗВОРИ И ЗАСТАПЕНОСТ НА СТРАНИТЕ ВО ПРИЛОЗИТЕ/ОБЈАВИТЕ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ




### ЖАНР НА ПРИЛОЗИТЕ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ




Пренесено соопштение – во 32 %
Пренесен говор – во 28 %
Вест или вест со изјава – во 9 %
Друг жанр – во 31 %

### КОЈ ГО ПРОИЗВЕДУВА ШТЕТНИОТ НАРАТИВ?




### ОДНОС НА НОВИНАРОТ КОН ШТЕТНИОТ НАРАТИВ



41 % - Новинарот го пренесува без каква било интервенција
37 % - Новинарот го пренесува јасно без да заземе страна
22 % - Новинарот го пренесува со одобрување

Во шесте месеци кај Република се забележани 265 објави, во кои неосновано се поткопува довербата во институциите на системот, се напаѓа личноста на политичкиот актер и се шири популизам.

Штетните наративи се поврзани со многу теми но најчесто со внатрешна политика, (над половина од прилозите со штетен наратив), а многу помалку и за економија, корупција и здравство. Штетните наративи пренесени на Република најчесто се однесуваат на ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ, Владата и лидерот на ВМРО-ДПМНЕ.

Најчести жанрови се пренесено соопштение и пренесен говор. Скоро сите штетни наративи ги создава политичарот, а потоа двајцата - политичарот и новинарот. Притоа, новинарот најчесто ги пренесува без никаква интервенција или јасно, но без заземање страна, но во нешто повеќе од петина од објавите ги пренесува и со одобрување.

Скоро во сите објави прикажана е само една страна и наведен е само еден извор. Во 4 % од објавите нема наведен извор Изворите се прецизни во најголемиот број објави.

НОВА

# ШТЕТНИ НАРАТИВИ НА НОВА ТВ



## НАЈЧЕСТИ ТЕМИ СО ШТЕТНИ НАРАТИВИ




## БРОЈ НА ОБЈАВИ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ НИЗ МЕСЕЦИТЕ

За 6 месеци: 32 прилози/објави со штетен наратив
Најмалку објави (2) има во септември,
а најмногу (9) во јануари




**Интензитет на штетност:**
**2,7 штетен наратив по прилог/објава**

## ЗА КОГО НАЈЧЕСТО СЕ ЗБОРУВА И ВО КОЛКУ ПРИЛОЗИ/ОБЈАВИ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ?




## БРОЈ И ВИД НА ПРЕНЕСЕНИ ШТЕТНИ НАРАТИВИ

Нова за шест месеци, во 32 објави,
85 пати пренеле штетни наративи




Во шесте месеци кај Нова ТВ се забележани 32 објави во кои пристрасно се селектира, се напаѓа личноста на политичкиот актер, се поттикнуваат поделби и се поткопува довербата во институциите. Штетните наративи во најголем број случаи се поврзани со внатрешната политика..

Штетните наративи пренесени на Нова ТВ најчесто се однесуваат на ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ. Скоро сите од штетните наративи ги креира политичарот, сосема мал број е произведен од новинарот. Притоа, новинарот најчесто ги пренесува без никаква интервенција или јасно, но без заземање страна.

Скоро половина од објавите, според жанрот, се во форма на пренесено соопштение и пренесен говор, а една четвртина се во форма на извештај.

Скоро во сите објави прикажана е само една страна и наведен е само еден извор. Во 10 % од објавите нема наведен извор. Изворите се прецизни во најголемиот број објави.

## ПРОФЕСИОНАЛНИ НОВИНАРСКИ СТАНДАРДИ

### БРОЈ НА ИЗВОРИ И ЗАСТАПЕНОСТ НА СТРАНИТЕ ВО ПРИЛОЗИТЕ/ОБЈАВИТЕ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ




### ЖАНР НА ПРИЛОЗИТЕ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ




### КОЈ ГО ПРОИЗВЕДУВА ШТЕТНИОТ НАРАТИВ?




### ОДНОС НА НОВИНАРОТ КОН ШТЕТНИОТ НАРАТИВ



# ШТЕТНИ НАРАТИВИ НА ЛОКАЛНО



## НАЈЧЕСТИ ТЕМИ СО ШТЕТНИ НАРАТИВИ




## БРОЈ НА ОБЈАВИ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ НИЗ МЕСЕЦИТЕ

За 6 месеци: 101 прилози/објави
Најмалку објави има (7) во октомври, а во останатите месеци е релативно рамномерно (17 – 20).




**Интензитет на штетност:**
**1,5 штетен наратив по прилог/објава**

## ЗА КОГО НАЈЧЕСТО СЕ ЗБОРУВА И ВО КОЛКУ ПРИЛОЗИ/ОБЈАВИ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ?




## БРОЈ И ВИД НА ПРЕНЕСЕНИ ШТЕТНИ НАРАТИВИ

Локално за 6 месеци, во 101 објава,
148 пати пренеле штетни наративи




## ПРОФЕСИОНАЛНИ НОВИНАРСКИ СТАНДАРДИ

### БРОЈ НА ИЗВОРИ И ЗАСТАПЕНОСТ НА СТРАНИТЕ ВО ПРИЛОЗИТЕ/ОБЈАВИТЕ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ




### ЖАНР НА ПРИЛОЗИТЕ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ




### КОЈ ГО ПРОИЗВЕДУВА ШТЕТНИОТ НАРАТИВ?




### ОДНОС НА НОВИНАРОТ КОН ШТЕТНИОТ НАРАТИВ




За шест месеци се проследени и се анализирани 101 објава со штетен наратив на Локално. Во нив најчесто се поткопува довербата во институциите, се напаѓа личноста на политичкиот актер и пристрасно се селектира.

Темите од објавите со штетни наративи се поврзани со внатрешната политика, корупцијата и криминалот, а многу поретко се поврзани со надворешната политика, здравството, економијата, потоа образованието, социјалната политика и правосудството. Штетните наративи пренесени на Локално најчесто се однесуваат на ВМРО-ДПМНЕ, потоа на СДСМ, Христијан Мицкоски, ДУИ и Димитар Ковачевски.

Над половина од објавите се во форма на пренесено соопштение и пренесен говор, а една петина се во форма на вест. Меѓу жанровите, поретко, се појавуваат интервју и извештај. Скоро сите од индикаторите на штетни наративи ги произведува политичарот. Притоа, новинарот најчесто ги пренесува без никаква интервенција или јасно, но без заземање страна и во 4 % од објавите и ги одобрува.

Во најголем дел од објавите еднострано се информира и најчесто е консултиран само еден извор. Изворите се прецизни во најголемиот број објави.



### НАЈЧЕСТИ ТЕМИ СО ШТЕТНИ НАРАТИВИ




### БРОЈ НА ОБЈАВИ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ НИЗ МЕСЕЦИТЕ

За 6 месеци: 90 прилози/објави
Најмалку (10) објави има во октомври,
а најмногу (25) во јануари, во останатите месеци
е релативно рамномерно




**Интензитет на штетност:**
**2,3 штетен наратив по прилог/објава**

### ЗА КОГО НАЈЧЕСТО СЕ ЗБОРУВА И ВО КОЛКУ ПРИЛОЗИ/ОБЈАВИ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ?




### БРОЈ И ВИД НА ПРЕНЕСЕНИ ШТЕТНИ НАРАТИВИ

Независен за шест месеци, во 90 објави,
203 пати пренеле штетни наративи




## ПРОФЕСИОНАЛНИ НОВИНАРСКИ СТАНДАРДИ

### БРОЈ НА ИЗВОРИ И ЗАСТАПЕНОСТ НА СТРАНИТЕ ВО ПРИЛОЗИТЕ/ОБЈАВИТЕ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ




### ЖАНР НА ПРИЛОЗИТЕ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ




### КОЈ ГО ПРОИЗВЕДУВА ШТЕТНИОТ НАРАТИВ?




### ОДНОС НА НОВИНАРОТ КОН ШТЕТНИОТ НАРАТИВ




За шест месеци проследени се и анализирани се 90 објави со штетен наратив на Независен. Во нив најчесто се поткопува довербата во институциите, пристрасно се селектира и се напаѓа личноста на политичкиот актер.

Темите од објавите со штетни наративи најмногу се поврзани со внатрешната политика и во помал број се на тема економија, а многу поретко се поврзани со надворешната политика, правосудството, образованието и здравството. Штетните наративи пренесени на Независен најчесто се однесуваат на Димитар Ковачевски, ВМРО-ДПМНЕ и Христијан Мицкоски.

Најчесто жанровски, објавите се во форма на пренесен говор на политичар, потоа извештај, а во 11 % се во форма на пренесено соопштение. Аналитичко-репортажниот прилог е присутен во 11 % од објавите.

Четири петини од штетни наративи ги произведува политичарот, а мал број е произведен од новинарот. Притоа, новинарот најчесто ги пренесува без никаква интервенција или јасно, но без заземање страна. Сепак во 10 % од објавите и го одобрува.

Во најголем дел информирањето е еднострано со консултирање на само еден извор. Во 2 % од објавите нема наведено извори. Изворите се прецизни во најголемиот број објави.

СП.

# ШТЕТНИ НАРАТИВИ НА СЛОБОДЕН ПЕЧАТ



### НАЈЧЕСТИ ТЕМИ СО ШТЕТНИ НАРАТИВИ




### БРОЈ НА ОБЈАВИ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ НИЗ МЕСЕЦИТЕ

За 6 месеци: 70 прилози/објави
Најмалку (2) објави има во февруари,
а најмногу (21) во ноември




**Интензитет на штетност:**
**2,2 штетен наратив по прилог/објава**

### ЗА КОГО НАЈЧЕСТО СЕ ЗБОРУВА И ВО КОЛКУ ПРИЛОЗИ/ОБЈАВИ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ?




### БРОЈ И ВИД НА ПРЕНЕСЕНИ ШТЕТНИ НАРАТИВИ

Слободен печат за 6 месеци, во 70 објави,
156 пати пренеле штетни наративи




## ПРОФЕСИОНАЛНИ НОВИНАРСКИ СТАНДАРДИ

### БРОЈ НА ИЗВОРИ И ЗАСТАПЕНОСТ НА СТРАНИТЕ ВО ПРИЛОЗИТЕ/ОБЈАВИТЕ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ




### ЖАНР НА ПРИЛОЗИТЕ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ




### КОЈ ГО ПРОИЗВЕДУВА ШТЕТНИОТ НАРАТИВ?




### ОДНОС НА НОВИНАРОТ КОН ШТЕТНИОТ НАРАТИВ




Во текот на шесте месеци, проследени се и анализирани се 70 објави со штетен наратив на Независен. Во нив најчесто се поткопува довербата во институциите, се шири популизам и се напаѓа личноста на политичкиот актер.

Во штетните наративи најчесто се среќаваат теми поврзани со внатрешната политика и во помал број се на тема криминал и правосудство. Сосема ретко се поврзани со образованието, здравството, економијата и надворешната политика. Штетните наративи пренесени на Слободен печат најчесто се однесуваат на Христијан Мицкоски, Димитар Ковачевски и ВМРО-ДПМНЕ.

Пренесен говор на политичар е најчесто користениот жанр, потоа следат извештај, вест, интервју, пренесено соопштение. Сите штетни наративи ги произведува политичарот, а новинарот најчесто ги пренесува без никаква интервенција или јасно, но без заземање страна.

Во најголем дел од објавите прикажана е само една страна и наведен е само еден извор. Изворите се прецизни во 64 % од објавите.

# ШТЕТНИ НАРАТИВИ НА А1ОН МК

### НАЈЧЕСТИ ТЕМИ СО ШТЕТНИ НАРАТИВИ




42 % - Внатрешна политика
10 % - Надворешна политика
9 % - Економија
8 % - Здравство
8 % - Криминал
8% - Корупција
15 % - Други теми

### БРОЈ НА ОБЈАВИ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ НИЗ МЕСЕЦИТЕ

За 6 месеци: 138 прилози/објави
Најмалку (13) објави има во октомври, а најмногу (31) во јануари




**Интензитет на штетност:**
**1,9 штетен наратив по прилог/објава**

### ЗА КОГО НАЈЧЕСТО СЕ ЗБОРУВА И ВО КОЛКУ ПРИЛОЗИ/ОБЈАВИ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ?




### БРОЈ И ВИД НА ПРЕНЕСЕНИ ШТЕТНИ НАРАТИВИ

А1он.мк за шест месеци, во 138 објави, 257 пати пренел штетни наративи




За шест месеци, проследени се и анализирани се 138 објави со штетен наратив на А1Он.мк. Во нив најчесто се поткопува довербата во институциите, пристрасно се селектира, се напаѓа личноста на политичкиот актер и истовремено се шири етноцентризам.

Темите од објавите со штетни наративи се: најмногу внатрешна политика и во помал број на тема економија, а многу поретко се поврзани со надворешната политика, правосудството, образованието и здравството. Штетните наративи пренесени на А1ОН.мк најчесто се однесуваат на ВМРО-ДПМНЕ, Левица, Христијан Мицкоски и СДСМ.

Најчесто, објавите се во форма на пренесен говор на политичар и пренесено соопштение, а во многу мал процент и вест и извештај. Скоро сите штетни наративи ги креира политичарот. Притоа, новинарот најчесто ги пренесува без никаква интервенција или јасно, но без заземање страна.

Објавите информираат еднострано во најголем дел и консултираат само еден извор. Изворите се прецизни скоро во сите објави.

## ПРОФЕСИОНАЛНИ НОВИНАРСКИ СТАНДАРДИ

### БРОЈ НА ИЗВОРИ И ЗАСТАПЕНОСТ НА СТРАНИТЕ ВО ПРИЛОЗИТЕ/ОБЈАВИТЕ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ




### ЖАНР НА ПРИЛОЗИТЕ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ




Пренесено соопштение – во 48 %
Пренесен говор – во 43 %
Вест – во 5 %
Извештај – во 4 %

### КОЈ ГО ПРОИЗВЕДУВА ШТЕТНИОТ НАРАТИВ?




### ОДНОС НА НОВИНАРОТ КОН ШТЕТНИОТ НАРАТИВ



79 % - Новинарот го пренесува без заземање страна
21 % - Новинарот го пренесува без каква било интервенција

# МКД ШТЕТНИ НАРАТИВИ НА МКД.МК



### НАЈЧЕСТИ ТЕМИ СО ШТЕТНИ НАРАТИВИ




76 % - Внатрешна политика
6 % - Правосудство
6 % - Економија
12 % - Други теми ( здравство, криминал, надворешна политика, социјална политика и корупција)

### БРОЈ НА ОБЈАВИ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ НИЗ МЕСЕЦИТЕ

За 6 месеци: 66 прилози/објави
Најмалку (4) објави има во ноември, а најмногу (14) во февруари




**Интензитет на штетност: 1,6 штетен наратив по прилог/објава**

### ЗА КОГО НАЈЧЕСТО СЕ ЗБОРУВА И ВО КОЛКУ ПРИЛОЗИ/ОБЈАВИ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ?




### БРОЈ И ВИД НА ПРЕНЕСЕНИ ШТЕТНИ НАРАТИВИ

МКД.мк за шест месеци, во 66 објави, 107 пати пренеле штетни наративи




За шест месеци, проследени се и анализирани се 66 објави со штетен наратив на МКД.мк. Во нив најчесто се поткопува довербата во институциите, пристрасно се селектира, се напаѓа личноста на политичкиот актер и се шират дезинформации.

Темите од објавите со штетни наративи се: најмногу внатрешна политика и во помал број на тема економија и правосудство, а многу поретко се поврзани со здравството, криминалот, надворешната политика, социјалната политика и корупцијата.

Штетните наративи пренесени на МКД.мк најчесто се однесуваат на ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ, Христијан Мицкоски, Владата и ДУИ. Најчесто, објавите се во форма на пренесен говор на политичар, потоа извештај, а во 11 % се во форма на пренесено соопштение. Сите штетни наративи ги произведува политичарот. Притоа, новинарот секогаш ги пренесува без никаква интервенција.

Во најголем дел од објавите прикажана е само една страна и наведен е само еден извор, потоа повеќе страни и три и повеќе извори и во мал број објави прикажани се две страни и наведени се два извора. Изворите се прецизни во сите објави.

## ПРОФЕСИОНАЛНИ НОВИНАРСКИ СТАНДАРДИ

### БРОЈ НА ИЗВОРИ И ЗАСТАПЕНОСТ НА СТРАНИТЕ ВО ПРИЛОЗИТЕ/ОБЈАВИТЕ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ




### ЖАНР НА ПРИЛОЗИТЕ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ




Пренесено соопштение – во 39 %
Извештај – во 25 %
Пренесен говор – во 32 %
Вест – во 3 %

### КОЈ ГО ПРОИЗВЕДУВА ШТЕТНИОТ НАРАТИВ?




### ОДНОС НА НОВИНАРОТ КОН ШТЕТНИОТ НАРАТИВ



100 % - Новинарот го пренесува без каква било интервенција

# Сличности и разлики меѓу онлајн-медиумите во однос на штетните наративи

## Број на прилози за шест месеци

Од мониторираните 11 онлајн-медиуми, најголем број прилози/објави со штетни наративи во текот на шесте месеци се утврдени кај: Република (265 прилози), Курир (171), А1он.мк (138) и Вечер.мк (131). Најмалку има кај Нова ТВ (32 објави). Разликата меѓу онлајн-медиумот со најмалку објавени прилози со штетен наратив (Нова ТВ – 32 прилози) и онлајн-медиумот со најмногу објавени прилози со штетен наратив (Република – 265 прилози) изнесува 233 прилози.




Слика бр. 45 Број на објави со штетен наратив според онлајн-медиум

# Број на штетни наративи во прилозите за шест месеци

1. Онлајн-медиуми **со екстремно висок број присутни штетни наративи** во прилозите (над 600 штетни наративи) - Курир (609)
2. Онлајн-медиуми со **многу висок број присутни штетни наративи** во прилозите (301 - 450 штетни наративи) – Вечер мк (371) и Република (436)
3. Онлајн-медиуми со **многу висок број присутни штетни наративи** (201 – 300 штетни наративи) – Независен (203) и А1он.мк (257)
4. Онлајн-медиуми со **релативно висок број присутни штетни наративи** во прилозите (101 – 200 штетни наративи) – МКЛ.мк (107), Локално (148) и Алмакос (148) и Слободен печат (156)
5. Онлајн-медиуми со релативно умерен број присутни штетни наративи во прилозите (до 100 штетни наративи) – Нова ТВ (85)




Слика бр. 46 Колкупати се пренесени штетни наративи според онлајн-медиум

## Споредби по интензитет на штетност

Ако се оди уште подлабоко и се разгледа колку штетни наративи содржи еден прилог објавен од онлајн-медиумот, состојбата повторно се менува. Разликата меѓу онлајн-медиумот со најнизок интензитет на штетност (Алмакос и Локално – 1,5) и онлајн-медиумот со највисок интензитет (Курир – 3,6) изнесува 2,1. Така, според интензитетот на штетните наративи може да се разликуваат 3 категории на онлајн-медиумите според интензитетот на штетните наративи:

1. Онлајн-медиуми со **екстремно висок интензитет на штетност** (над 3) – Курир (3,6). Кај овој медиум во еден прилог присутни се околу 4 штетни наративи
2. Онлајн-медиуми со **многу висок интензитет на штетност** (2,6 - 3) – Нова ТВ (2,7) и Вечер мк (2,8). Во просек во еден прилог кај овој медиум присутни се 3 штетни наративи
3. Онлајн-медиуми со **релативно висок интензитет на штетност** (1,5 - 2,5) – Алмакос (1,5), Локално (1,5), Тетова Сот (1,6), МКД.мк (1,6), Република (1,6), А1он.мк (1,9), Слободен печат (2,2) и Независен (2,3). Кај овие медиуми во еден прилог има 2 штетни наративи




Слика бр. 47 Интензитет на штетност според онлајн-медиум

# Споредби по вид на штетни наративи

Три штетни наративи се забележуваат како најчесто присутни наративи кај сите 11 онлајн-медиуми:

- ➔ Штетен наратив **Поткопување на довербата во институциите**
- ➔ Штетен наратив **Пристрасно селектирање** *и*
- ➔ Штетен наратив **Напади на личносна основа**

Кај 9 од 11-те онлајн-медиуми на прво место, односно најчесто присутен штетен наратив е **Поткопување на довербата во институциите**. Само кај Алмакос и Нова ТВ на прво место е штетниот наратив **Пристрасно селектирање**, при што кај Алмакос **Поткопувањето на довербата** е на второ место, додека кај Нова ТВ, воопшто не е присутен во првите три најчесто присутни.

Штетниот наратив **Пристрасно селектирање** како втор најчесто присутен штетен наратив се јавува кај следните пет онлајн-медиуми: А1он.мк, МКД.мк, Независен, Курир и Вечер мк.

Следен штетен наратив што се јавува како втор по присутност, освен **Пристрасното селектирање**, е Напади на лична основа кај Република, Нова ТВ и Локално.

Овој наратив – **Напади на лична основа** како трет најчесто присутен се јавува пак кај Аламкос, Независен, Слободен печат, А1он.мк и МКД.мк.

**Дезинформациите** се присутни кај Тетова Сот, и тоа како втор најчесто присутен, кај Вечер мк и МКД.мк како трет по присутност штетен наратив. Кај другите онлајн-медиуми не е меѓу првите три најчесто присутни штетни наративи.

Штетните наративи **Етноцентризам** и **Популизам** се јавуваат како трети по присутност само кај 1-2 онлајн-медиуми.

## Споредба во однос на тоа кој го произведува наративот

Најчестиот производител на штетниот наратив без исклучок, кај сите 11 онлајн-медиуми, е политичкиот актер (процентите се движат од 40 % до 100 %). Само кај Вечер мк во 50 % од прилозите штетниот наратив го произведуваат и новинарот и политичкиот актер, додека Тетова сот бележи најголемо учество на новинарот (20 %) како производител на штетниот наратив. И кај Вечер мк (10 %) и кај Независен (12 %) новинарот се јавува како производител на штетниот наратив. Кај останатите 8 онлајн-медиуми новинарот е производител во 1 % - 7 % од прилозите.

Институт за комуникациски студии

www.iks.edu.mk
info@iks.edu.mk

ШТЕТ-НА

НЕ ВЕРУВАЈ ПРОВЕРУВАЈ! #користифакти

British Embassy Skopje

UKaid from the British people

Ова истражување е спроведено во рамки на проектот „Употреба на новинарство засновано на факти за подигање на свеста и спротивставување на дезинформациите во медиумскиот простор во Северна Македонија“ финансиран од Владата на Обединето Кралство, со поддршка на Британската амбасада Скопје. Мислењата и ставовите наведени во оваа содржина не ги одразуваат секогаш мислењата и ставовите на Британската Влада.

